## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Стотата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 февруари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да започнеме со работа.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои не влегле во салата да влезат во салата за да можеме да започнеме со работа.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Господа пратеници ја отворам 100-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Фијат Цановски, Павле Трајановски, Панче Дамески, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Игор Ивановски, Арбен Џафери, Менхух Тачи, Насер Адини, Али Ахмети, Рафис Алити, Гоце Марковски, Љубчо Георгиевски, Тито Петковски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието на Република Македонија и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, гувернерот на Народната банка на Република Македонија, претседателот на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Државниот завод за ревизија ја повлече тарифата за трошоците за вршење на работите на ревизијата на Државниот завод за ревизија.

Пратеникот Стојан Андов предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување на Законот за платниот промет.

Предлогот ви е доставен.

Го молам пратеникот Стојан Андов да ја образложи оправданоста за итна постапка.

Процедурално пред тоа повелете госпоѓо Роза.

Госпоѓа Роза Топузова Каревска има процедурално.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Мислам дека не се почитува ниту она што се договара последните месеци на координација, ниту оние ветувања што се даваат пред меѓународната заедница дека ќе дебатираме и Собранието ќе расправа по законите кои што се клучни за НАТО интеграциите и за Европската унија.

Почитуван претседателе,

Ја имате закажано 100-тата седница на Собранието на Република Македонија на која што нема ниту еден закон кој што го носи знаменцето на Европската унија. Имаме закони кои што треба, а и не треба да бидат на оваа седница, затоа што не се приоритет за Република Македонија, поготово сега кога сме на месец и половина пред одлучувањето за прием на нашата земја, за добивање на поканата на нашата земја за членување во НАТО Алијансата. Ниту гледам некои закони кои се приоритетни, иако не го носат знаменцето на Европската унија, кои што се клучни за нашиот влез во НАТО.

Токму поради тоа, ве молам, да ги дадете законите со кои што се обврзала Република Македонија дека ќе ги донесе до нашето зачленување во НАТО, до датумот за добивање на поканата и законите кои што ни се потребни за зачленување во Европската унија.

Ве молам, да не го губиме времето, гледате дека имате проблем со правењето на кворум. Влеговме за да направиме кворум со една единствена цел да дебатираме по законите кои што и се потребни на Република Македонија за добивање на датумот за преговори и за поканата за НАТО.

Ве молам, прекинете ја оваа седница овде и дајте ги законите кои што треба да се расправаат. Се друго е одвлекување на вниманието на јавноста од она што се случува во државата. Дури не сакате да работите за приоритетите на Република Македонија. Тоа беше моето процедурално барање. Прекинете ја седницата и да закажете веднаш да продолжиме со седниците на кои што имаме закони кои што се клучни за НАТО и ЕУ интеграциите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Овде должам едно објаснување, за жал, во моментот на закажувањето на оваа седница, или за радост, немавме ние на нашиот декс ниту еден закон поврзан со нашата европска агенда, освен овој што е под три, Предлог за донесување на закон за биомедицинско потпомогнато оплодување, со Предлог на закон.

Според тоа, ние не оставивме ниеден закон на страна од европската агенда.

Второ, според одржаната координација, ние таксативно ги наброивме сите закони што се предложени од пратеници да влезат на оваа седница и таксативно ги наброивме и како што се таму наброени, така влегоа во дневен ред.

Според тоа, оваа седница е една од најподготвените седници, во смисла на дневниот ред. Потоа, од Владата дојдоа уште три предлога за дополнување. Тие се дадени точно десет дена пред оваа седница, разгледани се на комисии и се е чисто. Според тоа, во глобала вие сте во право, треба европските закони да бидат напред, но нема, во тој час, кога ние го браневме ова, не

знам сега како стои и следната ја планирам, тоа е тоа.

Значи, господине Андов, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Сакам да кажам уште нешто.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете. Јас ви кажав само факти, ништо друго.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Претседателе, вие навистина ја кажавте вистината и тоа го почитувам. Вистината е тоа што вие го кажувате дека немаме закони кои што го носат предзнакот доставено од Владата. Меѓутоа, морам да ви кажам дека е спротивно со она што го изјавува премиерот Никола Груевски дека Собранието не е ефикасно, не работи и не можеме да расправаме по законите кои што се приоритет за нашите НАТО и ЕУ интеграции. Да заклучиме, нема Владата изготвено закони, нема доставено, а не дека Собранието не е ефикасно. ЛДП направи кворум за да дебатираме по закони кои што се клучни за нашите интеграции, се во интерес на, се разбира, Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ги разбирам длабоко вашите мотиви, но процедурата, сакам да кажам не е прекршена со постапката наша.

Ќе ве прочитам сите по сценарио, на сите ќе ви дојде ред. Сега одиме по ред како стои во сценариото.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, почитувани колеги пратеници.

Овој предлог за донесување на закон, со Предлог на закон по итна постапка го поднесов на 25 декември минатата година.

Барам итна постапка, бидејќи е потребно една одредба од Законот за платен промет, нејзината примена да се одложи за една година. Тоа е потребно. Инаку, Законот за платен промет таков каков што е донесен по концепција е исправен и јас го поддржувам.

Меѓутоа, нашите транзициски проблеми се такви, ако оваа година се примени таква одредба, може да дојде до нагло зголемување на бројот на стечајците. Многу повеќе отколку што се сега, овие кои сега се борат за своите права. Тој проблем ќе се мултиплицира повеќе пати. Затоа го предлагам ова времено решение. Итно е бидејќи е таква состојбата во таа област. Итно мора да се донесе решение. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Андов.

Предлогот на пратеникот Стојан Андов овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, за гласале 61, воздржано 1, против 1.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Стојан Андов е усвоен.

Пратениците, Андреј Жерновски, Роза Топузова Каревска, Слободан Најдовски, Ристо Пенов и Јован Манасиевски предлагаат за оваа седница по итна постапка да се донесе законот за дополнување на Законот за локална самоуправа.

Предлогот ви е доставен.

Молам еден од предлагачите да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор господин Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе.

Ова е предлог кој што веќе одамна е поднесен во архивата на Собранието на Република Македонија и мислам дека е на пратениците и на јавноста ни е повеќе од познато и со ова решение сосема накратко во дискусијата сакаме да се врати решението кое што беше во претходнот закон, а тоа е да можат граѓаните на локалната самоуправа да покренат иницијатива за распишување на реферндум, доколку се незадоволни од работата на градоначалникот на соодветната општина.

Сметаме дека тоа е едно демократско право и сметаме дека беше направена грешка што со сегашното решение е укината таа можност и очекувам сите пратенички групи да го подржат ова, или мнозинството на пратеничките групи, затоа што треба да работиме во интерес на граѓаните.

На крајот на краиштата како што е запишано во законите и Уставот, градоначалникот всушност одговара за својата работа пред граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Жерновски.

Предлогот на пратениците Андреј Жерновски, Роза Топузова Каревска, Слободан Најдовски, Ристо Пенов и Јован Манасиевски овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеника, за гласале 16, воздржано 3, против 43.

Констатирам дека предлогот на пратениците Андреј Жерновски, Роза Топузова Каревска, Слободан Најдовски, Ристо Пенов и Јован Манасиевски не е усвоен.

Пратеникот Стојан Андов предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за објавување оглас за избор на членови на Комисијата за верификација на фактите.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Го молам пратеникот Стојан Андов да ја образложи итната и неодложна потреба овој Предлог на одлука да се разгледа на оваа седница.

Има збор господинот Андов.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, почитувани пратеници,

Оваа обврска на Собранието на првата наредна седница од донесување на Законот за

утврдување посебен услов итн, како што го велиме Закон за лустрација, Собранието да распише оглас за кандидати за членови на Комисијата за верификација на фактите. Тоа е законска основа и треба денес да биде уврстена оваа одлука да се донесе, за да можат кандидатите да се јавуваат во рок од 15 дена. Бидејќи Собранието има обврска по Законот во вкупно рок од 60 дена од денот на стапување во сила на овој Закон да ја избере таа Комисија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Предлогот на пратеникот Стојан Андов, одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 58, воздржано 3, против нема.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Стојан Андов е усвоен.

Пратениците Борис Кондарко, Цветанка Иванова и Оливер Спасовски предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Инфорамција за работата и состојбите во Државната комисија за спречување на корупцијата, како и за изборот на претседател на Комисијата извршен на седницата на 7 февруари 2008 година.

Информацијата Ви е поделена.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба Информацијата да се разгледа на оваа седница.

Има збор господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе. Почитувани пратеници, ќе ве запознам со дел од образложението на оваа информација со која бараме на оваа седница да се расправа за изборот на претседател на Дравната комисија за спречување на корупцијата и за состојбите и работата на Државната комисија. Еден од поводите е дека на 7.02.се одржа тајна седница на Државната комисија на која повторно се избра истиот претседател на Комисијата. Се разбира, доколку ова не го дознаевме од колумна во дневниот печат, исто како за становите на премиерот Груевски бидерјќи е истечен мандатот, ќе мислевме дека сеуште немаме претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата. Ова претставува невиден скандал, бидејќи е директно кршење на законот, затоа што реизбор на истиот претседател на Државната комисија не е предвиден. Дополнителен сомнеж во целиот случај предизвикува и фактот што оспорената одлука воопшто до денес не е објавено во јавноста. Доколку комисијата сметала дека изборот е законит, легален и морален, нема причина зошто за тоа да не ја информирала јавноста за причините и основите за реизборот на Мирјана Димовска. Од друга страна, дополнителен аргумент за ваквата иницијатива е тоа што Комисијата веќе подолго време комуницира единствено со Владата на ВМРО ДПМНЕ, а со јавноста и парламентот нема комуникација во прилог на што оди и сеуште недоставувањето на редовниот годишен извештај на Државната комисија што е обврска од Законот. Поради ова што го наведуваме отворено и основано се сомневаме дека исто како и одлуката за незаконитиот реизбор на Мирјана Димовска, за претседател на Комисијата, така и сите останати одлуки оваа антикорупциска комисија ги донесува по директен налог на Владата, односно премиерот лично. Имено, наместо оваа Комисија да ги открива и да се бори против криминалот и корупцијата на власта за што и постои, а не за обичните граѓани, истата го штити и прикрива незаконитото и криминално работење на Владата за што доказ се сите одлуки донесени во врска со десетици и десетици претставки поднесени од опозицијата за кои се говори за афери од актуелната власт. Ваквите случувања и одлуки на Државната комисија се загрижувачки бидејќи заклучокот и пораката од ова е дека во Република Македонија повеќе не постои државна институција која ќе се спротивстави на самоволието и беззаконието што го прави оваа власт. Напротив, Државната комисија спротивно на овие уставни обврски и принципи работи селективно и пристрасно во примена на законите и во постапувањето каде што засегнати во случаи се блиски до владеачката партија, или високи носители на функции на ВМРО ДПМНЕ. Поради сите овие напред наведени причини, бараме оваа 100-та седница да се дополни со посебна точка на дневен ред на која ќе биде повикана лично и претседателката нелегално избрана по втор пат на Државната комисија за спречување на корупцијата Мирјана Димовска и која ќе ги образложи причините и одлуките и образложенијата за ваквиот избор, ваквата постапка на Комисијата, но и за состојбите и за начинот на работа кои се наведени во оваа Информација.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на пратениците информацијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеника, за гласале 21, воздржано еден, против 47.

Констатирам дека Предлогот на пратениците не е усвоен.

Пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за случувањата во Судскиот совет на Република Македонија во врска со донесената одлука за продолжување на функцијата претседател на Судскиот совет, спротивно на Законот за Судскиот совет и Законот за судови и состојбата околу спроведениот избор на судии во судовите на Република Македонија.

Инфорамцијата ви е поделена.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба Информацијата да се разгледа на оваа седница.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе, колеги пратеници,

Два аргументи имаме зошто ја поднесовме оваа иницијатива да биде ставена како посебна точка на дневен ред од итна природа на оваа седница. Првата причина е продолжувањето на вршењето на функцијата претседател на Судскиот совет и член на судскиот совет, на сегашниот претседател на Судскиот совет надвор од Законот или спротивно од Законот за судови и спротивно на Законот за Судскиот совет, како и причината, односно скандалозниот избор последен избор на судии во судовите на Република Македонија.

Почитувани колеги пратеници, претходниот мандат се зафативме со реформи во судството и заради тоа пристапивме кон една од најтешките работи во овој Парламент а тоа е промена на Уставот на Република Македонија во делот кој што се однесува на судството. И тогаш се определивме за осамостојување на судството од законодавната и извршната власт и затоа избравме судски совет и го позиционираме Судскиот совет во Уставот да биде независен орган кој што ќе се гриши за целокупната состојба во судството, а вклучително и за законитоста во работењетона судиите и судовите во Република Македонија. Во јануари месец ни се случи спротивно на сите закони кои што ја регулираат оваа материја да се продолжи мандатот, односно не мандатот, функцијата, вршење на функција претседател на судски совет и членување во судски совет спротивно на сите прописи и на Уставот и на сите прописи кои што ја регулираат оваа материја. Ситуацијата да биде уште пожалосна придонсе Врховниот суд кој што Судскиот совет е задолжен исто така да го контролира работењето на законитоста на овој суд, го повика судскиот совет да си ја преиспита одлуката за ваквата постапка. Но, до ден денеска немаме никаков одговор од Судскиот совет. И бидејќи Собранието е тоа кое што ја разгледува работата на Судскиот совет бараме и ја поставуваме оваа точка на дневен ред.

Втората причина заради која што побаравме ваквата информација денеска да биде ставена на дневен ред е скандалозниот избор на судии во судовите во Република Македонија, направен пред 6, 7 дена. Наместо да се изберат судии според критериумите, според професионалност, според способност, се случи, од јавоста сме информирани, дека се избрани за судии во судовите на Република Македонија братучетки на сопруги на министри, братучетки на сопруги на високи функционери во Владата на ВМРО ДПМНЕ и ДПА, да се изберат снаи, братучетки без да ги исполнуваат критериумите за најдобри.

Затоа, повикуваме на оваа седница да се стави оваа точка на дневен ред, да се повика претседателот на Судскиот совет да даде образложенија на ваквите постапки во Судскиот совет, затоа што еден од клучните услови за евроинтеграција е продолжување на реформите во судството.. И ова се оценува за напредокот во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на пратениците, Информацијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеника, за гласале 22, воздржани нема, против 50.

Констатирам дека предлогот на пратениците не е усвоен.

Процедурално има господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Претседателе, согласно членот 65 од име на пратеничката група на СДСМ бараме да се симне од дневен ред точката број 4 Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за одбрана, со Предлог на закон кој е двотретински закон за кој немше соодветна координација со сите пратенички групи, имајќи во предвид дека ние во овој момент не сме подготвени да се откажеме од политичката контрола врз работата на Министерството за одбрана, односно врз работата на Владата во поглед на испраќањето на мировни мисии надвор од границата на Република Македонија. Бараме поддршка од пратениците на владеачкото мнозинство, имајќи во предвид дека најавувам, ако остане оваа точка, ние ќе се воздржиме од гласање, со што ќе биде загрозена двотретинската подршка за овој закон. Образложението ќе биде кусо. Сметаме дека во овој момент тоа не е услов за НАТО интеграциите за Република Македонија. Нашите партнери во Јадранската повелба Албанија и Хрватска не пристапиле кон ваква измена со што се зајакнува улогата на Владата, а слабее политичката контрола и носењето на крупни политички одлуки на Парламентот. А според нашите проценки половина од земјите членки на НАТО сепак, ги користат парламентите како клучни институции кои носат одлуки за учество во мировни мисии кои можат да бидат многу турбулентни. Искутвото покажа дека многу влади кои се членки на НАТО сојузот имаат сериозни проблеми, некои влади не ја преживеаа довербата околу испраќањето на мировни мисии надвор од границите на нивните држави. Затоа уште еднаш го соопштувам ставот на СДСМ, ние сме против ставањето на дневен ред на оваа точка. Бараме оваа точка дас се симне од дневниот ред и навестуваме, ако остане на дневен ред оваа точка, ќе ја немате нашата поддршка.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Бучковски предложи Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за одбрана, со Предлог на закон да се исклучи од дневниот ред, да се избрише од дневниот ред.

Го ставам на гласање предлогот на господинот Бучковски да се избрише од дневниот ред на оваа седница Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за одбрана, со Предлог на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеника, за гласале 67 воздржан еден, против гласале 5 пратеника.

Констатирам дека предлогот на Бучковски е прифатен.

Процедурална интервенција има госпоѓа Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Почитувани присутни, мојата процедурална интервенција се однесува за дополнување на дневнит ред, поточно согласно член 25 од Деловникот претседателе, барам точката 25 од незавршената 69-та седница на Собранието на Република Македонија да ја префрлите на денешната седница. Имено, во оваа точка се содржи закон предложен од пратеничката група на СДСМ со кој бараме промени во Законот за пензиско и инвалидско осигурување, поточно бараме да се пролонгира старото решение за одење во пензија со навршени 35 години работен стаж за жени, односно 40 години работен стаж за мажи до 2010 година. Почитувани присутни, факт е дека граѓаните на Република Македонија живеат во многу тешка финансиска состојба. Факт е дека нашите грѓани 90% од нив ги мачи сиромаштијата и ги мачи невработеноста. Во име на околу 10 илјади граѓани вработени во Република Македонија кои до 2010 година ќе ги исполнат условите за одење во пензија со навршени 35 години работен стаж за жени и 40 години работен стаж за мажи, уште повеќе во име на околу 500 конфекциски работнички од Штип кои бараат да се пролонгира важењето на старото законско решение бидејќи до 2010 година уште повеќе до наполнување на 62 години старост ќе имаат околу 38, 39, 40, па и до 42 години работен стаж, а бидејќи се во лоша физичка состојба, пред се имаат намален вид, ослабнати моторни функции, бараат да одат во пензија по старото законско решение, бараат да одат во пензија како последните години од работниот век не би ги дочекале на улица, односно не би ја зголемиле армијата на невработените. Претседателе, ве молам, бидејќи вие сте одговорни за составувањето на дневниот ред на седниците да го дополните дневниот ред со оваа точка.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Филипова треба да ви кажам дека таа точка е изгласана како дневен ред на друга седница и тој дневен ред е изгласан како таков и не може да се менува. Досега не е правен преседан од други седници да се вадат заглавени точки посебно, освен кога беше општ договор да се извадат тие фамозни 14, или 15 точки од Агендата европска на нашата земја. Инаку, не може.

Предлогот на Верица Филипова го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 21, воздржани нема, против 48.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1.Предлог на одлука за објавување оглас за избор на членови на Комисијата за верификација на фактите.

2.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, со Предлог на закон.

3. Предлог за донесување на закон за биомедицинско потпомогнато оплодување, со Предлог на закон.

4.Иницијатива за подигање на меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево.

5. Предлог на закон за изменување на Законот за платниот промет.

6. Нацрт на просторен план на Охридски и Преспански регион.

7.Предлог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2008 година.

8.Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2008 година.

9.Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за стапките, основиците и висината на придонесите за задолжително здравствено осигурување.

10.Предлог на Национална програма за железничка инфраструктура за периодот од 2008 до 2012 година.

11.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон.

12.Предлог за донесување на закон за заштита од насилство во семејството.

13.Интерпелација за работата на гувернерот на Народната банка на Република Македонија господинПетар Гошев.

14.Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на поседување прислушни уреди од страна на политичките партии.

15. Барање за давање автентично толкување на одредбите на членовите 13 и 59 од Законот за градење, а во врска со одредбата на член 116 став 2 од Законот за сопственост и други стварни права, поднесено од пратениците Тале Герамитчиоски и Оливер Спасовски.

**16.** . Барање за давање автентично толкување на одредбите на членот 384 став 5 од Законот за трговските друштв, а поднесено од пратеникот Катерина Димеска.

17. . Барање за давање автентично толкување на одредбите на член 25 во врска со член 3 точка 7 од Законот за комунални дејности поднесено од пратеникот Миле Пачемски.

18. . Барање за давање автентично толкување на одредбите на член 349 и член 460 од Законот за трговските друштва, поднесено од пратеникот Надица Танчева-Тулиева.

19. . Барање за давање автентично толкување на одредбите на член 6 од Законот за здравственото осигурување и во врска со член 7 став 1 точка 1 од истиот Закон поднесено од пратеникот Миле Пачемски.

20. . Барање за давање автентично толкување на одредбите на член 16 од Законот за еднакви можности на жените и мажите поднесено до претседателот на Советот на општина Штип.

21. . Барање за давање автентично толкување на одредбите на член 16 од Законот за еднакви можности за жените и мажите поднесено од пратеникот на Советот на општина Кочани.

22. . Барање за давање автентично толкување на одредбите на член 17 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање поднесено од градоначалникот на општина Аеродром.

23. . Барање за давање автентично толкување на одредбите на член 151 од Законот за работни односи поднесено од пратеникот Анета Стефановска.

24. . Барање за давање автентично толкување на одредбите на член 23 став 1 точка 9 од Законот за данокот на додадена вреднсот, поднесено од пратеникот Ратко Димитровски.

25. . Барање за давање автентично толкување на одредбите на членовите 80-в, 80-ѓ и 80-з од Законот за основното образование поднесено од пратеникот Славица Грковска.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема).

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Гласале 61 пратеник, за гласале 53, воздржани нема, против 8.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Сега збор бара господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Господине претседателе,

Во редоследот за први две точки, предлагам да биде прва Предлогот на одлуката за распишување оглас, бидјеки со Закон е утврдено дека треба да биде утврдена што побрзо, а второ да биде поранешната прва точка од вашето поранешно решение, тоа е Предлог за донесување по итна постапка на закон за изменување на Законот за платен проемт, со Предлог на закон.

Тоа е потребно, за да се избегнат последици, ако овој закон поскоро не се донесе. Брзаме со датумите, затоа и го предлагам по итна постапка. Тоа е мојот предлог.

**Љубиша Георгиевски:** Дали имате подршка од 10 пратеници?

Добро, имате.

За да го ставиме прецизно на гласање, според вас, точката 5 да биде точка 2 и точката 1 да си остане точка 1. Таа е во ред. Значи, вие предлагате една промена, точката 5 да биде точка 2.

Предлогот точката 5 да стане точка 2 на господин Стојан Андов кој имаше подршка повеќе од 10 пратеници, го ставам на гласање.

Кој е за?

Молам службите да дадат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат на точен број присутни пратеници во салата).

Глсањето е валидно.

Констатирам дека гласале 53 пратеници, за гласале 52, воздржани нема, против 1 пратеник.

Според тоа, констатирам дека предлогот на господинот Стојан Андов е прифатен.

Службите ги молам да ја направат таа измена во редоследот на дневниот ред.

Понатаму, има збор господин Зоран Витанов, имате процедурална интервенција , повелете.

**Зоран Витанов:** Благодарам претседателе.

Мојата процедурална интервенција е во тоа, вашиот Предлог на дневен ред, каде беше предложена како точка 13, ако добро ве следев, Интерпелација за работата на гувернерот на Народната банка на Република Македонија господинот Петар Гошев, бидејки во работниот предлог на дневниот ред е точка 6, а вие го предложивте како точка 13, сепак предлагам, ценам дека е несериозно овој Парламент за таква сериозна работа, како што е интерпелација на гувернер, да расправа како точка 13, а го почитуванпредлогот на господинот Андов за итноста на првите две точки што тој ги предложи, ценам дека е сепак посериозно ако таа точка во дневниот ред дојде како точка 3. Тоа е мојот предлог.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на господинот Зоран Витанов точката 13 да стане точка 3 го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 47 пратеници, за гласале 20, воздржано 7, против 20.

Бидејки е мал бројот на оние кои гласале, да видиме дали е валидно.

Молам службите да ги пребројат пратениците.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Сакам да видам дали е валидно гласањето, па да можам да го објавам.

Ве молам мир, да можат службите да пребројат во мир.

Констатирам дека галсањето е валидно, но предлогот не е прифатен.

Одиме понатаму.

Има збор господинот Есад Рахиќ, процедурално три минути, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, до колку ве има, почитувани колеги пратеници,

Уште еднаш бидејки почнуваме со саатипол задоцнување, пред македонската јавност барам претседателе да упатите писмо до премиерот да го распушти овој Парламент, да се самораспуштиме и да одиме на предвремени избори. Тоа е прва точка.

Втора точка: според член 74 од Статутот (реакции од пратеници) - ќе се самораспушти, знам што зборувам, не грижете се, дозволете да кажам. Според член 74 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, бидјеки го утврдуваме редоследот на точките од дневен ред, барам точката 13 - Интерпелација за рабоа на гувернерот на Народна банка на Република Македонија господин Петар Гошев да биде точка 4 на дневен ред, за да расчистиме за случувањето со Македонска банка и околу Македонска банка каде што 300 луѓе останаа без работа и каде што постои основано сомневање дека во ликвидацијата на Македонска банка учествувале и министри од Владата на премиерот Груевски, поточно министерот Трајко Славески и дека покрај градежната ФАРМАКО и не знам какви се мафии во Македонија очигледно е и постоење на банкарската мафија. Затоа инсистирам колеги пратеници и барам од вас подршка оваа точка да биде 4-та на дневен ред за да може да ја утврдиме одговорноста на македонскиот гувернер Ван Глунд во работењето и ликвидација на Македонска банка и шпекулациите што ги правел откако беше назначен за гувернер на Народна банка , односно семејна банка на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали има подршка за предлогот на господинот Рахиќ од 10 пратеника? (Да)

Предлогот точката 13 да стане точка 4, даден од господинот Есад Рахиќ, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, за гласале 22, воздржано 6, против 26.

Според тоа овој предлог не е прифатен.

Ги молам службите да постапат...

Дајте дисплејот да го видам.

Бидејки нема повеќе процедурални забелешки, одиме со материјална расправа, со една забелешка до господинот Есад Рахиќ, не почнуваме во 12,30 часот затоа што и процедуралната расправа е дел од работата на Парламентот. Според тоа, ние работиме. Процедуралната расправа не е нешто диво, тоа е нормална расправа и е потребна.

(Реакција на пратеникот Есад Рахиќ).

Јас ви одговорив, јас сум обврзан да ви одговорам.

Ајде повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе.

Ќе ја прифатам вашата забелешка, апсолутно сте во рпаво, не почнавме во 12,30, да имавте и вие од кувајтските часовници, ќе сфатев дека почнавме во 15 до 12. Верувам дека следниот пат и вие ќе добиете од Катар или од Кувајт или од било која земја на арапските емирати. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Подарете ми еден, ќе ви бидам благодарен.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за објавување оглас за избор на членови на Комисијата за верификација на фактите.**

Предлог одлуката ви е доставена.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам ,кој бара збор?

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Не е збор претседателе, за процедурално сум јавена, меѓутоа, не ме видовте.

**Љубиша Георгиевски:** Не, не ве имаше на дисплејот. Се извинувам, повелете процедурално нема проблем.

**Роза Топузова Каревска:** Бев јавена процедурално веднаш по усвојувањето на дневниот ред, односно редоследот на дневниот ред и навистина морам да реагирам затоа што долго време пратеничката група на ЛДП отсуствуваше на координациите поради тоа што не се почитува нешто што ќе се донесе на координација. Минатиот пат бевме договорени, значи договорени, не само да се стави туку и да се расправа законот од пратеничката група на ЛДП за донесување на закон за локалната самоуправа. Вие сега одите по Деловникот да се гласа по него по итна постапка и до тука е во ред, затоа што и ние напишавме дека законот треба да се донесе по итна постапка. Од друга страна, ако погледате дека Законот е донесен на 5.12.2007 година и се до ден денес не беше ставен ниту како можност да се разгледува по итна постапка, овој закон според договорот требаше да се дебатира. Јас го разбирам стравот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, очигледно е дека граѓаните не се задоволни до максимум од работата на господинот Трифун Костовски и се плашат дека по овој закон ќе имаат можност да го изразат тоа незадовослтво, но без разлика, беше доблесно да се почитува она што е договорено на координација. Навистина не гледам зошто пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не прифати да дебатираме, што не значи дека ќе го донесеме овој закон, освен како што реков стравот дека нивниот кандидат за градоначалник Трифун Костовски може да биде според овој закон и разрешен од функцијата поради евидентното огромно незадовослтво на граѓаните од Скопје.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Молам, кој бара збор?

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника, за гласале 51, воздржано нема, против 1.

Со оглед на малиот број на гласачи, барам службите да поднесаат точен број на присутни пратеници.

Гласањето е валидно, во моментот на гласањето во салата биле присутни 62 пратеника, за гласале 51, воздржано нема, против 1.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за објавување оглас за избор на членови на Комисијата за верификација на фактите.

Сега ве молам да уважите само пет минутен прекин за да се снајдат службите во дневните редови со сите измени што ги направивме.

(Реакции од пратениците за да се продолжи понатаму)

Добро, можеме да продолжиме со точката 2, а службите нека работат.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на закон за изменување на Законот за платниот промет**

Предлогот на законот и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседател.

Јас очекував, затоа и подоцна се јавив, дека предлагачот на законот господинот Стојан Андов ќе даде воведни напомени во однос на овој закон, но во ред е, со оглед на тоа што веројатно со образложувањето на итноста на седницата тоа го направи.

Сакам да го изнесам своето мислење во однос на овој закон и по пристапот на Владата во однос на Законот за изменување и дополнување на Законот за платниот промет.

Кога ние од опозицијата ќе кажеме дека законите кои што ги предлага Владата се избрзани, се закони кои не подлежат на анализа за последиците кои ќе ги има во стопанството, секогаш поединци од парламентарното мнозинство, двајца тројца, ќе станат и ќе кажат вие сте кочничарите кои не сакате да ја подржите Владата во правец на преструктуирање на македонското стопанство и во правец на усогласување со европското законодавство. Зошто ова го зборувам? Овој закон кој што сега ќе го менуваме е закон кој е донесен минатата година, закон кој е изгласан на парламентарното мнозинство на предлог на Владата и ако го погледнете образложението што тогаш го даваше министерот за финансии господинот Славески, ќе видите дека тогаш ни образложи дека Законот за измени на Законот за платен промет, според неговото тогашно објаснување, го носиме за да се усогласиме со европското законодавство и за да овозможиме економски амбиент во Република Македонија. Имаше поедини пратеници кои тогаш поинаку размислуваа, но бевме надгласани. Сега кога се соочивте со проблемите кои ги предизвика тој закон Владата не предлага измени и дополнувања на Законот, напротив, тоа го предлага еден пратеник и тоа е добро. Уште подобро е тоа што Владата дава позитивно мислење во однос на Предлог законот од пратеник. Конечно и Владата да признае дека и пратениците позитивно размислуваат. Но ако го погледнете образложението и мислењето на Владата, тоа е за смеење во една реченица и тоа внимавајте, на 5 февруари тие го разгледувале ова и сега ни доставуваат позитивно мислење. Тука се отвора првата дилема дека Владата нема стратегија воопшто кога ги донесува законите особено околку економската сфера. Владата нема стратегија кога овде ги предлага економските закони и затоа ќе видите во рок од една година неколку закони менуваме последователно во рок од два три месеца. Но, сега се поставува едно прашање, законот кој што сега ќе го носиме треба да има ретроактивно дејство. Знам дека законите од економија не се интересни, но би замолил оној кој сака да слуша нека слуша, оној кој што не сака нека ме остави да зборувам.

Значи, првата дилема е дали со Законот, за кој што предлагаме сега да има ретроактивно дејство - може ли барем овие од првите редови да ме остават да зборувам, ако имаат разговори нека излезат, претседателе, ве молам. Мојата колешка исто така, јас не можам да зборувам. Координаторката на ВМРО ќе заврши ли со разговорот.

Значи, првата дилема која се отвора, овој закон што е сега предложен треба да важи од 1 јануари 2008 година, денес сме 12 февруари, што значи правниците тоа подобро ќе кажат, а молам и Законодавно-правна комисија да даде мислење дали може да донесеме закон со ретроактивно дејство. Тоа е првата работа.

Втората работа е, ако не се спроведувал овој закон од 1 јануари 2008 година, дали надлежните државни институции и Владата презеле соодветни чекори или пак дозволиле некој да го крши законот. Зошто тогаш сме донесувале закон кој што сега не се почитува?

Трета работа која што е битна за овој закон: овој закон треба да го прати прегледот на фирмите кои што подлежат и се соочуваат со проблеми од спроведувањето на овој закон. Зошто сметам дека ова е потребно? Потребно е од причини, посебно да согледаме кои се стопанските субјекти и фирми во кои државата има мнозинство на сопственост, свој капитал и сега не го спроведуваат овој закон. Имаше образложение дека такви се фирмите каде што државата има свој капитал, Тутунски комбинат

Прилеп, ЕУРОКОМПОЗИТ - Прилеп, беше спомната не знам во кој контекст, ОХИС, ЕМО и други претпријатија, а во тие претпријатија каде што државата има свој капитал државата постави раководители на тие сопански субјекти, Владата постави свои раководители. Се поставува прашањето што правеле тие раководители кои што ги постави државата за да не се прилагодат една година на законот, кој што истата таа Влада овде ни го предложи и парламентарното мнозинство го донесе. Јас знам дека овој закон е во функција на евентуални предвремени избори и јас сум за тоа што побрзо нека се одржат и проблемот со кој ќе се соочат, а ќе ви образложам зошто ова го мислам, проблемот со кој ќе се соочат тие фирми. Имено, поаѓајќи од тоа дека поставените раководители од страна на Владата не се способни да раководат со овие фирми и не се способни да се прилагодат цела година која што изминала на законот, и сега под изговор дека тоа треба да се случи заради заштита на работниците, се плашам дека ќе имаме сосема спротивен ефект. Имено, зошто јас се плашам што може да донесе овој закон и зошто Владата го менува своето мислење, зошто Владата не дојде денес да каже зошто таа го менува своето мислење. Имено, се плашам дека наместо да ги заштитиме работниците ќе ни се случи во оваа година нешто друго, ќе ни се случи прелевање на капитал од државна сопственост преку создавање на загуби, неквалитетно раководени од страна на тие државни претставници во тие претпријатија, прелевање на капитал во приватни џебови. Не сакам тоа да се случи, но се плашам дека на 31.12, на крајот на оваа година, тие претпријатија повторно ќе бидат во тешка состојба во најголемиот дел. Еве, отворено прашувам, кој е начинот со кој ќе се соочат, бидејќи во образложението на законот пишува дека одложувањето на примената на наведената одредба од 1 јануари 2009 година ќе им овозможи на сопствениците и на менаџментот на фирмите да ги отстранат причините поради кои тие би дошле во состојба да паднат под дејство на таа одредба. Ние не можеме да видиме, овој закон треба тоа да го следи, кој е планот, кој е проектот, кои се постапките што ќе ги превземат овие претпријатија за да на 31.12. оваа година не се соочат повторно со овие проблеми. Не сакам да навлегувам и да префрлуваме дека тие некогаш ги раководеле претставници кои биле од претходната Влада, па некогаш ги раководеле претставници кои ги делегирала Владата од 1998-2002 година, во тоа воопшто не сакам да навлегувам, но сега да навлеземе во актуелниот момент. Кој е платно дека тие исти претпријатија нема да се соочат со истите причини и на крајот од оваа година. Со тоа можеме да се доведеме во ситуација да ги штитиме менаџерите кои лошо работат во одредени фирми, а нели ставот на Владата не е да се штитат тие менаџери. Ставот на Владата беше да се постават менаџери кои ќе знаат да раководат со тие фирми.

Оттука, сметам дека за овој закон треба да се разјасн со ретроактивното дејство и затоа претседателе предлагам Законодавно-правна комисија да даде мислење во однос на тој член кој се однесува на почнувањето на важење на законот и второ, мислењето на Владата да се образложи, како тие гледаат дека менаџерите на претпријатијата кои подлежат на овој закон во оваа година до 31.12 да ги отстранат причините за да не подпаднат под санкциите на овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Владо Бучковски, повелете три минути.

Дали има и други реплики? (Не)

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Ќе реплицирам во делот на ретроактивноста која ја спомена колегата Најдовски. Мислам дека почитуваниот колега прави превид бидејќи во предогот на поранешниот претседател Андов стои овој закон да се применува од 1 јануари 2009 година, значи не претендира на ретроактивност, но генерално создава проблем и за проблемот треба да разговараме, затоа што јас слушнав една небулозна изјава од владините претставници. Тука е министерот за финансии, но изјавата не ја дадовте вие. Имено, завчера вечер во Прилеп потпретседателот на Владата Јанкулоски рече Владата расправаше на својата седница на 5 февруари или на крајот на јануари и донесе одлука дотичните компании ЕУРОКОМПЗИТ и Тутунски Комбинат Прилеп да го применуваат стариот закон, што е едно од најголемите глупости што сум ги слушнал и ако Владата донела таква одлука, некој ќе треба да сноси и одговорност за злоупотреба на својата функција. Значи, такво нешто додека Парламентот, законодавната власт не донесе одлука не е возможно, а тоа го имате, сакам да ја видам одлуката на Владата, затворени сте херметички, и тоа не е можно, но има јавна изјава на потпретседателот на Владата. Во конкретниот пример имаме една нелогичност, но веројатно ќе изнајдат можност и предлагачите да ја надминеме. Генерално има проблем за овие 6 недели, некои од компаниите не го применуваат законот заради тешкотиите и нив ги спомнуваме, ЕУРОКОМПОЗИТ, Тутнски комбинат Прилеп и не знам дали има некоја трета компанија. 6 недели применувале закон кој не е на сила и сега дефинитивно ако го усвоиме овој закон, вакацио легис осум дена, од 20 февруари, се враќаме во претходната состојба и се одлага примената од 1 јануари 2009 година, што мислам не го доведува до спор прашањето што го отвори пратеникот околу ретроактивноста. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Слободан Најдовски, повелете вашата минута.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе,

Го почитувам мислењето на професорот Бучковски од Правниот факултет, но едно е

вистина. Имено, законот влезе во сила на 1 јануари 2008 година, законот е во сила, што значи до денес и додека влезе овој закон во сила, законот треба да се спроведува. Затоа спомнав ретроактивно дејство. Кој од државните органи дозволил да не се применува законот кој е во сила? Јас ја слушнав и таа изјава што ја кажа господинот Бучковски, но ја слушнав и од медиумите на кои им верувам дека Владата размислува како оние компании со државен капитал да не го спроведуваат законот. Во ред што велите од 1 јануари 2009 година, но законот е влезен во сила, законот за платен промет е влезен во сила. Од 1 јануари до денес кој не го спроведувал, зошто не го спроведувал законот. Ако е така тогаш треба да се измени целосно законот, а од денес натаму ќе се применува ова решение, но до сега овие 30-40 дена ќе важи стариот закон.

(Пратеникот Бучковски се јавува за реплика)

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Бучковски, ова е контра реплика, но вие можете за збор да се јавите.

Господинот министер се јави за збор.

(Реакција на пратеникот господин Стојан Андов со зборовите: "Јас сум предлагач на законот, министерот нема право да зборува".)

Момент, господине министер.

**Трајко Славески:** Се извинувам имаше прашање за Владата, јас сум претставник на Владата, Министерството за финансии го има предложено овој закон за платен промет во Собранието, вие имавте импликации...

(Реакција од пратеник со зборовите: "Предлагач на законот е господинот Андов".)

Мене ми даде збор претседателот на Собранието, на што вие реагиравте.

**Љубиша Георгиевски:** Добро.

Сега реплики нема.

Господинот Андов како предлагач има збор, повелете.

**Стојан Андов:** Ретроактивното дејство може да се пропише и ако е поповолно за оние на кои се однесува се спроведува, ако не според Уставот не може да се спроведе.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

По зборот на господинот Андов кој се пријавува за реплика?

Господинот Најдовски се јави за реплика.

Господин министер за финаснии се јавувате за реплика или не? (За реплика)

Да го составиме списокот кој е пријавен за реплика. Господине Најдовски, повелете имате реплика.

**Слободан Најдовски:** Јас се согласувам со укажувањето на господинот Андов, но немојте да избегнувате едно: што ако некој го прекршил законот до сега. Го прекршил законот, зошто државните органи молчеле кога некој прекршува закон во оваа држава и тогаш треба да се измени целосно Предлогот на законот дека тој закон до сега си важи, а од денот кога ќе влезе во сила овој закон, ќе важи овој закон. Поинаку не може во Собранието. Ако сакате да изместувате можете како сакате да направите. Ќе повторам уште еднаш очигледно е кога Владата ќе ни предложи избрзани закони, закони кои не подлежат на анализа и кога ќе видат дека има негативни последици за стопанството, тогаш се повлекуваат, а кога зборуваме ние пратениците, тогаш за нив тоа е кочење во реформите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Ова не е ни реплика ни контра реплика, сакам како предлагач да дообјаснам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, тогаш имате збор.

**Стојан Андов:** Сега разговараме за законот. Јас објаснив која е правната состојба на оние што не го спроведувале законот. Бидејќи овој закон овозможува да се применува и на тоа време, во тој период од 1 јануари до сега, според Уставот доколку е во корист на оние на кои се однесува, може да се применува. Ако тие покренат постапка против него, тогаш не се применува. Така е по Уставот, тоа е уставно начело.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика ли сте министре, или за збор? Збор можете да добиете кога ќе побарате, добивте збор. Повелете. Јас ви дадов збор, но се уфрлуваат луѓето.

**Владо Бучковски:** Претседателе, не ќе беше лошо да го слушневме министерот за финансии...

**Љубиша Георгиевски:** Само еден момент да објаснам нешто што лебди во воздухот, да не се изроди во нешто што не треба. Вели вака: член 84 на предлагачот, на министрите и на известителот на работното тело, претседателотна Собранието им дава збор, штом ќе го побараат.Значи, кога му дадов збор на господинот министер, му го дадов исправно.

Продолжете сега господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе, не се мешам во водењето на седницата но, веројатно ќе биде корисно и тоа што ќе го каже министерот за финансии.

Проблемот околу ретроактивноста е решлив согласно уставот. Значи, ако било кој од засегнатите страни дошле во судир со Министертсвото за финансии и Управата за јавни приходи во моментот кога ќе го донесеме законот во постапката ќе се повикаат на новиот закон, бидејќи е поповолно решението и ќе имаат поповолна позиција. Но тоа, не го решава проблемот министре со нашата Влада. Владата не може вака неодговорно да се однесува. Предлогот за одлагање на примената на овој закон е од 25 декември. Тогаш во еуфоријата која ја создадовте пред новиот буџет, не сакавте да расправате за ова. И во право е колегата Најдовски. Тогаш имавте крајно негативно

мислење, за по три недели да го смените мислењето и да симулирате непочитување на законите што парекселанс е голема глупост. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине министре имате збор.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе, блаодарам што ги потсетивте пратениците на статутот дека министерот како претставник на Влада и особено, ако се работи за законски текст кој што произлегува од негова надлежност, може нешто да каже во овој Парламент.

Јас ќе одговорам на неколку реплики или дискусии на пратеници, кои што можат да создадат конфузија.

Прво, за што станува збор, ова е за македонската јавност. Овде не станува збор за законот за плтен промет кој што функционира и е еден од подобрите во Европа. Станува збор само за една одредба од Законот за платен промет која што пратеникот Стојан Андов, со негови барања за измена и дополнување, е со одложено дејство до 1.01.2009 година. Тоа е одредбата која што македонскиот парламент ја усвои во крајот на август, или почетокот на септември дека претпријатија со блокирани сметки, не можат од 1 јануари 2008 година и понатаму да плаќаат според принципот на пресметка со асигнации, цесии и компензации. Значи, само за една одредба.

Второ, немаше господине Бучковски еуфорија пред Буџетот на 25 декември, затоа што Буџетот беше донесен, односно беше предложен од Парламентот во ноември, 13 ноември од страна на Владата на Република Македонија и оттука тие две работи не се поврзани.

Од аспект на некоја ретроактивност овде што се спомнува. Вие подобро од мене знаете кога важат или кога почнуваат да важат закони кои што се донесуваат. Овој закон, доколку го усвои македонскиот парламент за измени на Законот, со кој што ќе се одложи примената само на оваа одредба, која што ја спомнав, ќе важи од денот на донесување.

Имено, Владата на Република Македонија, сега одговор на пратеникот Најдовски и на другите, не знам кој што кажал и каде што изјавил, Владата не донела никаков ниту став ниту заклучок дека одредени субјекти итн., можат да преименуваат едно или друго или трето. Такво нешто нема.

Трето, или четврто, во овие месец ипол, од кога важи Законот со измените за платен промет, секој оној кој што ќе го прекршел, доколку го прекршил Законот за платен промет и во оваа одредба, односно конкретно, ако претпријатие со блокирана сметка плаќало со цесија, асигнација и компензација, тоа ќе било санкционирано, затоа што Законот важи од 1 јануари. Како вие ќе го толкувате, поволно неповолно, тоа е работа на индивидуална оценка, макар што лично мислам дека таа уставна одредница на кој што некои се повикуват овде, нема смисла, е бесмислена. Има закон во моментот, еве денес на пример, ако некое претприајтие од 15.800 претпријатија, не се работи за 3-4 претпријатија, има 15.800 претпријатија кои се активни во платниот промет и се со блокирани сметки. Ако некое претпријатие денес го прекрши законот, тоа претпријатие прави прекршок и се знае што следува за тоа претпријатие. Се додека не се измени Законот на начин кој што се предлага, или на некој сосема поинаков начин.

Значи, јас би молел дискусијата да ги има во вид сите овие аргументи. Сакам да кажам дека Владата во неколку наврати го разгледуваше предлогот на законот на пратеникот Андов. Имено, тука повторно, како и во јавноста ние ги мериме плусевите и минусите.

Според моја лична оценка плусевите, односно придобивките од примена на законот, онака како што македонскиот парламент го усвои минатата година се огромни за македонската економија. Во пазарна економија мора да има тврди буџетски ограничувања. Злоупотребите што одредени субјекти ги прават, користејќи цесија, компензација и асигнации да работат со блокирани сметки и покрај тоа што според Законот за стечај ниту едно претпријатие не треба да постои да егзистира лицето на земјината топка ако има блокирана сметка повеќе од 45 дена. Значи, тие можности за злоупотреби се огромни. Овде, она што се издвојува од овој закон се неколку претпријатија во кои што Владата на Република Македонија има или мнозински капитал стекнат не секогаш по сопствена волја. Владата не инвестира во тие претпријатија. Тие не платиле ДДВ од причини вакви или онакви, тие претпријатија во моментот се толерирале, односно тоа се книжело како побарување на Владата. И Владата ги решава и ќе ги решава. Има акциски планови.

Претседателе, јас овде ќе завршам со овој дел од дискусијата. Тука сум да одговорам на некои прашања, го добивте мислењето на Владата. Лично сметам дека рокот кој што се бара за овој закон треба да биде пократок, или барем сведен на половина.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Сега да видиме кои се за реплики.

За реплика е прво Бучковски, потоа Цветанка Иванова, потоа Слободан Најдовски, потоа Есад Рахиќ, Тале Герамитчиоски и Борис Кондарко.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Почитуван министре вие говоревте за македонската јавност и јас ќе говорам за македонската јавност, не сакам да теоретизирам. Погрешно го толкувате предлогот што го дава пратеникот Андов. Овој е единствен случај кој што долго време не сме го имале во парламентот, каде што законското решение кое ќе го донесеме ќе го поддржи и СДСМ, ќе има ретроактивно дејство, затоа што е поповолно за

страните, кои што вие условно речено ќе ги водите што сториле прекршок спротивно на Законот за платен промет. Треба да знаат пратениците за што ќе гласаат. Ние ќе гласаме, работите да се вратат во претходна состојба. Ако е започнат било каков спор имате можност вие како старешина ексофицио по службена должност да се повлечете, или да оставите во спор да се повикаат странките на поповолното решение што денеска ќе го изгласаме. Јас не знам што вие правевте во Владата, но уште еднаш ви тврдам дека двете одлуки што ќе ги побарам, што ги донела Владата пред законодавната власт денеска да го изгласа законот, каде што повикувате на почитување на законите е груба повреда на начелото на уставност и законитост и за тоа некој ќе одговара. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли контра реплика? (Нема)

Повелете госпоѓо Цветанка.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Јас само накратко во мојата реплика би сакала да дообјаснам, или да му контрирам на аргументите на министерот кои што ги искажа.

Прво и основно, кога се пристапува кон донесување на закон господине министре, секогаш се анализира состојбата и секогаш понудените решенија треба да се знаат како ќе се одразат ефективно при примената.

Вие во својот говор кажавте дека сте имале предвид дека 15.800 претпријатија се со блокирани сметки. Доколку сте ја имале оваа бројка во предвид, а секако дека требало да ја имате доколку сте ја немале, требало да имате уште во предвид при предлагањето на законот, колку вработени се во овие 15 илјади и 800 прептријатија, за да имате показател, или претстава како ќе се одрази ова понудено решение.

Секако дека мнозинството ги поддржува законите и овој закон, вклучително и оваа одредба во членот 25 со која што сака господинот Андов да го пролонгира важењето, било поддржано од мнозинството, слепо верувајќи ви во аргументите со кој тогаш сте образложувале зошто треба да се донесе ваква одредба во овој закон.

Сега, соочени сме дека парламентарното мнозинство исто така гласа и ние секако, ќе го поддржиме овој закон, гласа за итна потреба од донесување на овој закон, а сега утврдува дека оваа одредба треба итно да се менува дека нема потреба од ваква одредба, или треба да има одложено дејствие или одложена примена.

Зошто е нашата дебата? Нашата дебата е да докажеме дека Владата предлага закони без анализи, без да има претстава како ќе се одрази реално практичната примена. Парламентарото мнозинтво слепо верува во предлозите на Владата и кога укажуваме не ни се верува нас дека навистина одредено законско решение, или одредба лошо ќе се одрази при практичната примена. И сега што се случува? Господинот Андов го искористува своето право и навремено на 25 декември поднесува Предлог на закон, што е оправдано и што е во ред да влезе во сила овој зкон или оваа одредба и наместо сето ова Владата да го направи, бидејќи ќе се одрази негативно во платниот промет, негативно по фирмите, сега се доведуваме во ситуација напред-назад. Еднаш Владата предлага вакво решение, па друг пат Владата се повлекува од ова решение, а што е причината. Причината е без анализа, без да се утврди аргументирано ситуацијата, без навистина, да се следи состојбата каква е реална и како ќе се одразат ефективно овие решенија, се донесуваат и се предлагаат слепо закони. Ние ќе го подржиме овој закон, затоа што сметаме дека 15 илјади фирми не треба да бидат доведени во стечај, затоа што сметаме дека овие вработени не треба да останат без работа, затоа што сметаме дека треба да се вградуваат стандарди, но треба да се одреди овој период на прилагодување во Република Македонија за стандардите да бидат применети. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Почитуван пратеник, измените во Законот кои што беа предложени, беа и тоа како темели на анализа, затоа што се смета дека финансиската дисциплина од платниот промет најмногу ќе им користи на вработените.

Овие 15 илјади претпријатија кои што се со блокирани сметки, не се случајно тука. Тоа е затоа што дисциплината и толеранцијата е на релативно ниско ниво. Станува збор за приватни сопственици, кои знаете што прават. Обврските ги пренесуваат на една школка фирма, претпријатие, основаат неограничен број на други претпријатија и оттука ги заобиколуваат своите доверители. И приватни доверители, не само државата.

Оттука, целта беше јасна. Со зацврснување на финансиската дисциплина да се отворат условите за одвивање на бизнисот во Република Македонија. Благодрам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Слободан Најдовски, повелете и вие со вашата реплика.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Мојата реплика е само на дел од дискусијата на господинот министер, затоа што во најголем мдел од дискусијата на господинот министер се согласувам.

Прво, да не оперираме со бројот 15 илјади фирми. Законот кој што го предлага господинот Андов воопшто не се однесува на тие 15 илјади фирми, туку се однесува на тие 4-5 фирми кои што се во мнозинство во државна сопственост и второ, на 7-8, до 10 приватни фирми кои што сакаат да манипулираат во оваа држава. Тука ве

поддржувам господине министре околу финансиската дисциплина. Она што не ве поддржувам е тоа дека Законот функционира, ама има една мана. Таа мана е оваа мана за која што сега зборуваме. Велите плусевите се огромни, ама минусот сега ни е поголем од сите тие плусови. Она што мора да го кажаме, ќе го повторам. Се плашам дека се создава лажна слика дека некој ќе се грижи за интересите на работниците со донесувањето на овој закон. Не, некој се грижи за интересите на 5-6 души кои што имаат големи фирми, кои што се рекламираат секоја вечер на телевизија, а имаат огромни долгови и кон државата и своето неработење сакаат така да го заштитат. И убеден сум дека нема да ги заштитиме работниците во овие фирми без да се излезе со јасна слика што планираат менаџерите, посебно на фирмите каде што државата има сопственост. Јас ви гарантирам дека агонијата на Тутунски комбинат - Прилеп нема да ја решите во оваа година со ваков пристап, ако не се излезе со јасна стратегија како да се надминат проблемите и во Еурокомпозит и во Тутунски комбинат и други кои сакаат. И немојте да се криете зад интересите на работниците, нема да ги заштитите вака интересите на работниците, бидете сигурен. Можеби ако се преземеа соодветни чекори барем зза 70-80% работници ќе беа згрижени, намето сега сите 100% тие работници во тие фирми да не бидат згрижени.

И би ве замолил господин министер, со оглед на тоа во најголемиот дел се согласувам со вас, да го изнесете ставот дека сте како што рековте за пократок рок, Владата овде има позитивно мислење за овој закон. Ако Владата има позитивно мислење, значи е за цела година. Ако е ваше мислење го поддржувам, ако како Влада излезете со друг став, но тогаш почитувајте го ставот кој што сте го изнеле во мислењето кое е овде.

Би завршил со тоа, овој закон да го усвоиме исклучиво ако менаџерите на фирмите каде што државата има мнозинство во сопственост излезат со план и програма како мислат во текот на оваа година да ги надминат проблемите и причините кои довеле до ова. Инаку, другото ќе биде само пролонгирање на агонијата на работниците кои на 31.12.о.г. ќе се соочат со овој проблем. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине министер.

**Трајко Славески:** Само една дополнителна информација за почитуваните пратеници, што треба да ја знаат. И пред измените од август минатата година на Законот за платен промет, темата за која денес зборуваме, односно можноста претпријатија со блокирани сметки да плаќаат со цесии, асигнација и компензации не беше дозволено, но за тоа беа одговорни само раководителите на банките преку кои што се извршуваат тие трансакции. Почитувани, ова да го знаете. Она што го направивме ние со измената, само ја зајакнавме одговорноста и ја пренесовме онаму каде што треба да биде, на менаџерите на фирмите кои тоа го прават. Значи и со решенија од Законот за платен промет од 2001, 2002 година, не можат претпријатија со блокирани сметки да вршат цесии, компензација и асигнации, но контролата тука е многу тешка затоа што единствени во прекршоците таму кои следат се раководители на банки преку кои се прават тие трансакции. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега, господине Рахиќ, повелете со вашата реплика.

**Есад Рахиќ:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Со посебен респект и почит ви се обраќам со една мала забелешка од практична природа, она што го рече и колешката Цветанка Иванова и јас мислам дека овој закон што го донесовте и кој апсолутно го поддржувам, апсолутно е донесен без соодветна анализа на работите на теренот и сметам дека можеби токму обидот на господинот Андов и поддршката што ние пратениците ја даваме е можност нешто да се исправи. Ќе ви кажам зошто, вие спомнавте финансиска дисциплина, но не сум сигурен дека финансиската дисциплина во Република Македонија е онака како што вие сакате и јас сакам, затоа што освен центрите на урбаните средини, ако малку мрднете подалеку од Центарот на Скопје или во општините, ќе видите дека и онаа прикаска што ја кажуваме за успешноста на фискалната даночна и каква не политика не е баш така успешна. Меѓутоа, се надевам дека и вие како Влада и ние како пратеници и сите граѓани ќе почнеме кон тоа да се придвижуваме. Практично ќе ви кажам што мислам.

Во претходниот период беа фаворизирани фирми кои работеа нелегално. Конкретно има една фирма на еден мој пријател која работи со производство и заради нефункционирање на царината, не функционирање на судството и уште на некои субјекти правни во овој платен промет се доведе воситуација да има блокирана сметка. И знаете што е најинтересно? Има правосилна судска одлука, каде што има 50 милиони денари кои се легнати на сметката на банката, меѓутоа, со одлука на некој судија кој што смета дека треба да оди и да се моли кај него, можеби и да подмачка некои работи, тие средства се држат година дена на сметка, не му се даваат на стопански субјект на фирмата која сака да работи, а таа иста фирма не ги исполнува обврските спрема државата од аспект на даноци, здравствено, социјално и секакво осигурување.

Сега за какви мерки ние можеме да зборуваме, ако системот комплетно не функционира. Во состојба кога една судска постапка за наплата на побарување трае со години, вие очекувате да ја укинете компензацијата, цесијата, или инсигнацијата како единствена можност на тие

фирми што имаат блокирани средства за да одржат каква таква ликвидност, да речеме, иако не е сето тоа во рамките на законот што го гласавме во август месец. Меѓутоа, сметам дека треба како Влада, работејќи на оваа проблематика да одиме во реформите паралелно. И она што е реалност што ја викаме на теренот, судството, царината, останатите органи. Тогаш, кога сето тоа ќе почне да функционира, апсолутно се сложувам со вас дека и овој закон ќе може да функционира беспрекорно.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинот Тале Герамитчиовски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван министер, јас би имал неколку прашања во однос на ова кое што гокажавте, до колку сте спремни да одговорите, би бил благодарен.

Разбирливо е вие да го зачувате вашиот став кој што сте го преточиле во Предлог на закон кој што ова Собрание го усвоило, бидејќи економската наука такви мерки налага. И она кое што го образloживте на почетокот, држи, но не соодвествува со реалната состојба во Република Македонија. Прашањата се следните: Што е со оние фирми во кои што државата е виновник за нивната состојба на блокирани жиро сметки. На примерот на Еуро-композит, на кој што државата му должи голема сума на пари кое што ако се пресмета со камати ќе се дојде навистина до огромна сума со која што тие би работеле многу поефикасно. Значи, дали постојат такви случаи, дали сте направиле анализи.

Второто прашање, кое што е многу посуштествено за мене. Во минатото државата организираше внатрешни конференции во кои што се пребиваше внатрешниот долг со мултилатерална компензација помеѓу фирмите. Зоштоне сте спровеле до сега вакви конференции. Дали сметате дека е позитивно тоа искуство до сега и дали со тоа нема да се намали внатрешниот долг кој што постои во Република Македонија и дали на тој начин ќе им помогнете на фирмите?

Третото прашање, дали сметате дека судството нема своја вина во одредена состојба во која што влегле фирмите заради неефикасноста во решавањето на стопанските спорови. И тука некои фирми навистина не се виновни што по неколку години се влечеле одредени стопански спорови во кои што не можат никако да си дозволат дел од обртните средства за кои што се надевале дека ќе ги добијат во одредени зделки кои што ги имале, не можат да ги наплатат и судовите се неефикасни. Значи, дали тоа сте го зеле во предвид? Во Република Македонија од оние 15 илјади, 16 илјади фирми, јас сум сигурен над 50% дека се соочуваат со таков спор, со такви проблеми. По 2, до 3 години можам да ви набројам безброј примери во кои што се немоќни заради тие состојби.

Наредно прашање, дали Регулаторната гилотиња која што ја воведовте имате оценка дека им помогнаа на фирмите во спроведување на нивните барања.

И конечно, бидјеки беше споменуван Тутунскиот комбинат, неофицијално кулуарски се шири дека Владата кумува со одредени мерки да им помогне на одредени државни фирми. Значи, конкретно холдингот да го турнат во стечај и сите обврски да ги префрлат на холдингот за да може ДОЕЛ Тутун, ДОЕЛ Цигари да бидат продадени на трета фирма, бидејки се немоќни да ја одржат оваа состојба од претходниот период.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе,

Почитуван министре, мене не ми е јасно прво една работа. Како може владин министер, министер за финансии овде јавно пред Собранието да каже дека нема смисла да ви ја цитирам уставната одредба за поповолното, уставниот принцип за поповолното дејство на законите и нивната примена. Зошто чекавте од Нова Година до сега, па сега да ни кажувате што е поповолно, а што е понеповолно, ако сте веќе за продолжување на рокот, на одредбата на овој закон кој го предлага господинот Андов и зошто тоа не го направивте побрзо? Зошто вештачки создавате вакум на примена на законите и притоа го девалвирате уставниот принцип што ви го објасни господинот Стојан Андов за поповолна примена,односно дејство на законите. Мислам дека не само што не ги следите состојбите и не правите прави анализи, туку не ве интересира тоа, не ве интересира судбината на 15 илјади фирми кои самите ги кажавте кои се оневозможени да функционираат, бидјеки Владата носи такви неповолни закони за нив. Вие се грижите можеби за 5, или 15, или 25 фаворизирани фирми блиски до ВМРО-ДПМНЕ кои имате интерес да ги стимулирате со исклучоци од законот. Како што го направивте обидот преку потпретседателот на Владата Живко Јанкуловски пред некој ден вашата блиска фирма Еуро-композит да ја иземете од примената на одредбите од овој закон.

И на крајот почитуван министре, да ви поставам едно многу прагматично прашање од вашата фианнсиска сфера за која сте експерт и за која пред да дојдете министер за финансии бевте претседател на партиската комисија на ВМРО-ДПМНЕ за финансии. Државте прес конференции секој ден. Да ве прашам, како во 2005, 2006, можеби и 2007 година кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт вашата политичка партија ВМРО-ДПМНЕ функционираше и работеше со блокирана жиро сметка. Како отиде на избори, како потроши 2,5 милиони евра во 2006 година една опозициона партија со блокирана жиро сметка? Тоа да го објасните како министер за финансии. Значи, дали според вашите зборови овде што ги искажавте како некои фирми што правеле, се однесувале недициплинирано, сте направиле и

вие школка од фирми, па ВМРО-ДПМНЕ преку таа школка од фирми работела незаконито?

**Трајко Славески:** Претседателе, за уставноста, поповолно, неповолно, јас мислам дека не може јасно да се знае што е поволно, или неповолно за некои економски субјекти од аспект на темата за која што разговараме. Лично сум убеден дека, како што почнавме да оперираме со бројка од 15 илјади, за 14.996 претпријатија поповолно е да почнат да се придржуваат на новите одредби од Законот за платен промет, затоа што станува збор за приватни субјекти, приватни претприемачи, акционери и т.н. кои што имаат средства, имаат капитал. Но, тие се однесуваат опортунистички, ги користат сите оние можности за да заштедат на некој начин онаму каде што може да работат на неекономски принцип. Оттука беше мојата изјава која што вие сега ја оспорувате, за тоа што е поволно, или што е неповолно. Никој во овој момент не може да знае што на краток, на среден или на долг рок е поповолно, или помалку поволно за претпријатијата.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Овој закон што го предлагам својата логика ја црпи од две околности. Точно е тоа дека во транзицијата ние имаме разни матни работи и разни вистински маки на стопанствениците. Има некои кои манипулираат, како што овде некои викаа. Но најголем дел мислам дека настојуваат на некој начин да преживеат тие претпријатија додека да најдат пазар, додека напуштениот пазар да го заменат со некои нови пазари и т.н. Знаеме дека нашето стопанство, нашите индустриски капацитети беа проектирани и градени за конкретни пазари, пред се за Источно европските пазари и за поранешниот југословенски пазар и дека крупни фирми се најдоа во безизлезна ситуација. Знаеме исто така дека голем дел од фирмите е граден за државни цели, за некое наменско производство како што е Еуро-композит, како што е фирмата во Македонски Брод, која што е веќе продадена, која не работи. Исто така, знаеме како се развиваше ЕМО, знаеме како се развиваше ОХИС во Скопје. Сите тие работи се познати. Еден голем период едноставно не се гледаше излез за повеќе од тие фирми. И владите што беа и менаџерите што беа се мачеа на некој начин да најдат излез. Но, тешко одеше тоа и не можеа да најдат излез. Кумулативно сите промени кои сме ги терале имале и некоја позитивна жичка. Да не викаме по тоа што сме го работеле самите. Особено овој закон за платен промет за кој зборува министерот. Воведувањетона финансиска дисциплина воопшто во општеството и во стопанството, во економијата, општиот ефект е позитивен. Тоа е едната околност. Другата околност е што се подсмирија работите и се средија односите и на пазарите и околу нас и веќе се наоѓаат нови пазари и што Владата изврши и некои промени на менаџерите, а некои менаџери и се снајдоа. И сега ним им треба уште предах од една година. Најголем дел од нив најмалку една година, ама една година е таа пресудна да не се поништи она што веќе почнале да го постигнуваат. Некои од тие фирми прават добри договори комерцијални со светски познати фирми, што порано не беше така. Но, ако оваа работа не се донесе сега, ќе им се поништи ефектот. Јас не сакам да ги спомнувам фирмите во јавноста од проста причина што тогаш и нивните партнери ќе знаат, а партнерите не мора да знаат, ако им оди работата. Но, нема да им оди работата, ако не го донесеме овој закон. Некои сега заклучија, од 5 милиони евра зделки, од 6 милиони евра, некои заклучија уште поголеми зделки. Ќе им пропаднат, ако ова не го донесеме. Но, тоа не значи дека до година ќе им треба уште ваков закон. Тие ќе зајакнат. Овој позитивен тренд кој е резултат и на општата финансиска дисциплина, активноста на надлежните финансиски органи и инспекции и УЈП и Фондот за здравство и сите други, а исто така и поуките и науките што ги добија и искуствата, менаџерите ни даваат можност со една ваква мерка како јас што предлагам да се зачуваат и работните места, да бидат заштитени работниците, да бидат заштитени од непотребно нови трошоци на кои ќе се изложи Владата и да бидеме во состојба тие претпријатија откако ќе излезат од оваа зона да можеме да ги продадеме и да се приватизираат со многу повисока цена и да упаднат таму некои фирми кои фактички ќе ги вклопат во своите деловни планови кои во светот се познати.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Почитуван господине Андов, уште еднаш ќе повторам дека не е спорна нашата подршка на предлогот што вие го нудите. Но, сега со вашето дополнително објаснување создадовте конфузија. Министерот е конфузен и реално не убедува дека ова решение не е поповолно и дека од 15 илјади компании, за 14.990 ова решение ќе биде полошо. Ние треба да се договориме, затоа што пратениците ќе треба да го изгласаат. Ние кога ја даваме подршката пред се имаме во предвид неколку компании кои се во доминантна државна сопственост, пред се Еуро-композит, но и некои кои се на граница каде што државата е доминантна. Таков е Тутунскиот комбинат во Прилеп, таков е ОХИС, таков е ЕМО кои сеуште со оваа Влада не можат да најдат стратешки партнер. Но, не само тие, тогаш би создале нееднаков пристап за сите на отворениот пазар. Ја слушав вашата изјава. Тука мислевте во Прилеп и на Металец и на други компании кои ги има и во Прилеп, но и во други места кои работат со отежнати услови да се 100% во приватна сопственост. Ние за сите нив го носиме овој закон, односно сметаме дека е поповолен. Тоа е интенцијата на пратениците, да се разбереме, да знаеме за што ќе гласаме.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Сега од ова излагање на господинот Бучковски излезе дека добро сме се разбрале. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Јас навистина не очекував толку дискусија и затоа ќе се обидам да ја скратам мојата дискусија во интерес на донесување на овој закон, бидејки верувајте стопанствениците знаат најдобро од сите нас што е ликвидност. А овој закон во секој случај, овој предлог, измените што се предлагаат во секој случај ќе ја релативизираат ликвидноста на овие компании. И апелирам и оттука ја поздравувам и најавата и на опозицијата, и на владеачкото мнозинство да се подржи оваа измена, бидјеки е во интерес на стопанството, а не е во интерес на ниту една политичка партија, или Влада и т.н. Меѓутоа, сакам да предочам на некои работи, ќе ми дозволите министре, тоа е се добронамерно. Нема да ги спомнувам компаниите кои што директно ги тангира овој проблем. Не се 15.800, меѓутоа сигурно се 10 илјади, ама оние најголемите и оние со најмногу вработени се сеуште во сопственост на Република Македонија. И оттука и Владата и владеачкото мнозинство, но и сите политички партии независно дали се на власт, или опозиција имаат сериозна одговорност. Имено, не за година дена и за две да го продолжиме рокот, до колку претходно не се направи мултилатерална компензација ликвидноста на тие компании нема многу да се подобри. Основната грешка што ја направи Владата и сите ние во Парламентот што го изгласавме овој закон беше што не укажавме на тоа во декември и што наеднаш компаниите се најдоа во таква ситуација. Инаку, се согласувам со министерот целосно. Во целиот останат дел овој закон е многу подобро решение од досегашното. Финансиска и фискална дисциплина ако нема, ние немаме стопанство, имаме сива економија. И оттука предлогот на законот што го донесе Владата во декември во сите останати точки,односно порано во сите останати точки е извонреден. Фискална дисциплина мора да има. Но, министре во право сте кога велите дека можеби 6 месеци е доволно одлагање, ама само под услов да се направи мултилатерална компензација. Вие подобро од нас знаете. 80% од компаниите во светот кои што банкротираат, значи не во Македонија, во светот, банкротираат заради неликвидност, а не заради непрофитабилност. Целосно се согласувам и со вашиот став дека 45 дена ако сметката на компанијата е блокирана, таа треба да се ликвидира. Меѓутоа, целосно се согласувам и со дискутантите кои што кажуваат дека сеуште заради транзициските ситуации и судот и многу државни институции влијаат на неликвидноста на компаниите и се одлага процесот на излегување од неликвидност. Ќе дадам само еден пример каде што државата е сопственик 51%, еве ќе го земеме ОХИС каде што има неколку илјади вработени, еве отприлика да кажам 4 илјади и испаѓа дека ние како стопанственици, како сопственици на таа компанија со овој закон само директно го дозакопуваме, ако не се усвои оваа измена што сега ја правиме. Но, покрај одлагањето мора да се направи обид за сериозна мултилатерална компензација. Ако тоа ние не го направиме и како Влада и како стопанство и како компании, ќе дојде датумот и повторно ќе се најдеме во иста ситуација. Значи, да не бидам погрешно разбран, во сето останато Законот си е многу подобар и ја решава и фискалната и финансиската дисциплина освен во овој дел каде што навистина е крајно неопходно одлагање. Не затоа што има иницијатива од пратеник која штоја поздравувам, не затоа што и Синдикатот апелираше на тоа, туку и од практични причини.

Компании што се профитабилни, а можат да излезат од лихвидност треба да им се даде таа шанса заради вработените, на крајот на краиштата, кои, според некои мои видувања, бројката се движи на 15 па дури и до 20 илјади вработени, кои би влегле ако не се усвои тоа и ако не се направи мултилатиралната компезација во групата на овие кои пред некој ден штрајкуваа.

Оттука, ја поздравувам дискусијата и на опозицијата и на власта која конечно оди во насока на економска логика, а не во насока на политиканство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Марајнчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, почитуван министер,

На почеток би сакал да ја изразам својата подршка кон Предлогот за измени и дополнување на Законот на платниот промет, поднесен од колегата Стојан Андов и би направи една мала ретроспектива, како дојдовме до едно вакво решение.

Ваквото решение од Владата беше предложено на една седница во декември и на таа седница, ние како опозиција не бевме присутни. Тогаш, владеачкото мнозинство изгласа неколку закони, без да има никаква дискусија по ниту еден од тогаш овие усвоени закони. Меѓу нив беше и Законот за платниот промет. Тогаш тоа се сметаше како успешен ден на Собранието на Република Македонија, но се покажа кога дојде практичната примена на законот, дека можеби не е се така како што се трудеа да прикажат од владеачкото мнозинство. Значи, се појавија одредени пропусти.

Покрај прашањето што ние денеска го дискутираме со овој Закон, а се однесува на можноста за плаќање со пресметка при блокирана сметка, со тој закон беа воведени трансакциските сметки и електронските пари. А, знаеме во јавноста каква забуна се создаде меѓу граѓаните, што всушност ќе претставуваат трансакциските сметки, на кој начин треба да се воведат, што ќе значат при вршењето на платниот промет. Тоа значи дека беше донесен

еден закон, тогаш беше заедно со Предлог на закон по итна постапка, без да има поширока расправа по истиот. Но, кога дојде имплементацијата на истиот, се покажа дека има големи пропусти.

Јас не спорам дали решенијата се добри или не се. Праксата ќе го покаже своето. Веројатно дел од нив се добри, но ценам дека отсустуваше одредена кампања, за што оваа Влада покажа исклучителна способност меѓу граѓаните, на кој начин, со измените во Законот за платниот промет ќе биде оптоварено или обврските што ќе се создадат за нив при практичното работење. Како што спомнав трансакциските сметки, што граѓаните побрзаа да ги отвораат, мислејќи дека ќе се случи нешто многу негативно по однос на нивното работење.

Значи, господине министер, Законот го донесовте на брзина, не направивте кампања, иако од страна на некои банкари беше најавувано дека ова е, на некој начин, крупна реформа во платниот промет, после онаа кога се укина Законот за платен промет и работењето се префрли во банки. Отсуствуваше реакции од Министерството за финансии околу објаснувањето за обврските и последиците од примената на овој закон.

Околу конкретното решение, односно неможноста што се воведе со овој закон, да не се врши пресметковно плаќање, доколку сметката е блокирана, за жал, праксата покажа дека постојат одредени проблеми. Министерот дојде и се потруди да ни објасни, напаѓајки ги само приватните компании, дека се трудат да го злоупотребат Законот да остварат одреден профит преку плаќање со сметка во услови кога им се блокирани сметките. Но, господине министер, за жал, праксата покажува дека не е така и дека не само приватни компании,туку има и компании во државна сопственост на кои им причи вакво законско решение.

Ќе ви кажам само еден пример од Велес, тоа е фабриката за шински возила “Колска” која што долги години  има блокирана сметка и што најголем дел од работењето со своите клиенти го врши преку овие инструменти: компезација, асигнација и цесија. А, има и ситуации кога фирми со блокирани сметки, приватни или други имаат побарување од државата што не можат да ги наплатат, а не можат да функционираат. Не можете така едноставно да излезете со решение и да осудите дека се не чини. Сите се на некој начин дојдени во ситуација да го изигруваат законот и сега мора да се воведе ред, без при тоа да биде на штета на овие, вие ги спомнавте 15 илјади фирми. Верувам дека дел од нив се и приватни и дел се во сопственост на државата.

Она што го кажавте во однос на претходното решение не стоеше децидно дека е забрането плаќањето со овие пресметковни начини преку банка, кога важеше претходниот закон. Тоа не е точно. Вие го забранивте со овие измени на Законот, стриктно да не важи. Доведовте голем број на фирми во ситуација да не можат да ја одржат својата лихвидност или постоење. Додека, како што кажа господинот Андов не освојат некој нов пазар, имаат некои добиени тендери, да реализирате одредена зделка и ги доведовте во ситуација ако доверителот не го подмири, да покрене постапка за стечај и фирмата да пропадне иако, можеби, има перспектива и може понатаму да работи, а работниците да ги оставите на улица.

Прво, отсуствуваше добра кампања, отсуствуваше на давање преоден период по однос на ова законско рашение и мислам дека тука треба да ја признаете вашата грешка, грешката на Владата, без разлика кои ви биле мотивите.

Разбирам дека можеби вие инсистирате на голема финансиска дисциплина. Минатата година се пофаливе дека реализацијата на приходите оди одлично.

За оваа година го имате најголемиот Буџет во Република Македонија, 2.300.000 евра и тоа треба да се оствари. Но, верувајте, во пракса се создаваат големи проблеми при применувањето на законските решенија.

Овие законски решенија, сега не е предмет на оваа дебата, обврската секој ден продавниците да го внесуваат прометот во банките, навистина претставува голема тешкотија за оние кои имаат продавници во руралните средини. Денеска остварил промет од 200-300 денари, мора да оди во градот да го внесе прометот.

Кога ги носите решенијата, треба да излезете малку надвор од Скопје. Или, оние кои мислат таму во Министерството, Скопје не е Македонија. Има и не функционира се како што функционира во Скопје со изградена инфраструктура, институции, близина на банки итн. Има места каде најблиската банка е можеби 20 км. Бензинот ќе чини повеќе отколку прометот што би требало да го внесе некој во банката. Затоа, кога дискутираме во Парламентот и кога предлагате законски решенија, немојте да ги обвинувате пратениците или фирмите дека грешат. Праксата само ви демантира при донесувањето на законите.

Не беше добро решение тоа да забраните плаќањето да се врши со пресметковни начини. Единствен проблем при овој начин е што може да дојде до одредено изигрување на доверителите. Во смисла на тоа што одредени доверители ќе им дозволите да извршат компезација, цесија или асигнација, а за одредени доверители не. Но, по судска постапка за секој пости начин да си го оствари првото. Тоа беше главнот проблем. Се согласувам дека тука имало такви намери.

Но, генерално, без овој преоден период, не можеше ова да се спроведе бидејќи многу фирми ќе беа доведени во ситуација да пропаднат иако има перспективи да работат.

Затоа е добро, како Парламент, што даваме подршка на овие измени и дополнување, пролонгирајќи го за една година, верувам дека

многу фирми ќе дојдат во ситуација да продолжат да егзистирааат, а дел од нив и да остварат развој. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине министре имате реплика.

**Трајко Славески:** Само една кратка реплика за почитуваниот пратеник.

Во интерес на вистината, да кажам дека овој закон не се донесе во декември на седница, кога наводно не биле присутни пратениците на СДСМ. Законот е донесен, почитуван Николов, во септември, објавен е во Службен весник број 113 од 2007 година, на 20 септември, а влегува во сила на 29 септември, а почнува да се применува на 1 јануари. Тоа се фактите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Една минута контра реплика господи Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Добро, можеби околу месецот министре сме згрешиле, но јас ви тврдам дека опозицијата не беше присутна на таа седница и немаше дебата. Нашиот предлог на таа седница ќе беше законот да оди во две фази, да се отвори дебата и да видиме што се значат овие измени во платниот промет. Тука и вие не сте во право дека ние не бевме присутни на таа седница. Тоа го тврдам и можете да проверите.

**Љубиша Георгиевски:** Во ред.

Збор има господин Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Заради јавноста и заради прецизноста, сите имаме обврска да бидеме внатре и да ги гледаме законите и да работиме по законите.

Апсолутно го делам мислењето на министерот за финансии дека намерата и целта на Законот за платниот промет, што го донесовме на 6 септември е позитивна. Можеме да дискутираме за проблематичните ефекти што би се ефектуирале во наредниот период, доколку не го подржиме Предлогот на закон за измена на претходниот закон од господинот Андов.

Меѓутоа, би сакал да потсетам, дека на тој Закон што го донесовме на 6 септември немаше ниту еден амандман. Така што, доведување во ситуација дека некој е паметен, ама некој е попаметен од него, мислам дека е чиста политичка игра и не треба да влегуваме натаму.

Напротив, уште една работа, еден од колегите пратеници кој сега дискутираше во претходниов дел од дискусијата, го има подржано тој Закон на 6 септември 2007 година. Меѓутоа, без разлика, ова го кажувам само како предупредување дека не треба од се да правиме политичка ситуација. Има аргументи што можат да ве побијат во она што го тврдите како опозиција во Парламентот.

Би сакал да потенцирам, дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го подржи законот на господинот Андов од неколку причини што беа спомнати во самото излагање од страна на господинот Андов, како причини што за нас значат доволни аргументи за подршка на Законот. Тоа значи, да оставиме одреден рок на менаџерите на компаниите, без разлика дали се државни или приватни, бидејќи со Законот не можат да се поделат компаниите и не може Законот да има применливост за едни, а за други да нема. Тука, апсолутно непотребно се поведе дискусија и дебата.

Меѓутоа, исто така предлагачот на Законот ќе биде свесен дека потребата од фискална дисциплина во Република Македонија е врвен приоритет и на оваа Влада и на било која друга Влада. Практично, подршката од страна на пратничката група на ВМРО-ДПМНЕ во овој случај ќе значи последна опомена од државата спрема менаџерите, било на државните, било на приватните компании кои имаат вакви проблеми, дека одговорноста за менаџирањето со компаниите, во 99% во случаите ја носат менаџерите на компаниите. Практично, државата, преку гласањето денеска во Собранието на Република Македонија ќе даде рок од една година за да се усогласат со овие потребни норми, сите компании во Република Македонија, како не би направиле споредни, негативни ефекти што беа претходно спомнати од господинот Андов. Во се друго, апсолутно стоиме зад тврдењата што ги имаше министерот за финансии, односно потребата и целта што ја носи претхониот Закон за платен промет.

На крајот, да повторам, ќе се задржам многу кратко за да успееме до 14,00 часот да го донесеме Законот што мислам дека би била позитивна работа, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го подржи предложениот Закон од господинот Андов. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Герамитчиоски Тале има реплика, три минути, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван колега,

За волја на вистината, треба да се знаат неколку факти.

Прво, добор знаете дека овој Закон беше донесен на онаа седница кога од политички причини опозицијата, СДС ја бојкотираше работата на седницата и во рок од два часа донесовте 13 закони.

Нашиот став не успеавме да го кажеме, слушав и претходно дофрлање, немаше потреба да се дадат амандмани, нашиот став беше, како пратеничка група, законот да биде донесен во две фази од следните причини:

Прво, затоа што е неспорна потребата од донесување на ваков закон. Ние ќе гласавме за во прво фаза за. Но, за во втора фаза, требаше да се даде еден период разумен, што ќе биде придружен со соодветни анализи од страна на Министерството за економија, Министерството за финансии, во каква авантура влегуваат, според рокот што го предлагаат да биде започната активноста на одредени одредби од овој Закон.

Погубната погрешна проценка не доведе до потребата од тоа да пратеникот Стојан Андов интервенира со измана на Законот во еден дел, со која што се одложува.

Да нема заблуди, ниту заради некои други политички поени да се правда пред гласачкото тело, едноставно тие тогаш направија погрешна проценка. Сега се корегираат бедејќи сфаќаат дека ќе направат крупна грешка, согласно со реалните состојби што владеат во Република Македонија, а што ќе втурнат, без одредена вина и одредена диспропорција во економското право на владеење на одредени фирми за да се спаси тоа што може да се спаси.

Мене не ми е јасно зошто воопшто се настојува да се ефектуира по секоја цена, со одреден говор дека ете опозицијата не доставила ништо. Тогаш не бевме присутни. Инаку, нашиот став е јасен, законот да се донесе во две фази. Втората фаза да биде во оној момент кога ќе се процени дека претпријатијата навистина се во состојба да ги спроведат одредбите на овој Закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Илија Димовски побара контра реплика, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Само една реченица, начинот на бегање од одговорноста е право на секој политичар. Меѓутоа, една реченица што важи генерално за сите случаеви, граѓаните знаат да ценат искреност и во случај ако се направи грешка, меѓутоа уште повеќе знаат да ценат и неискреност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Остана за збор уште господин Ацо Киров.

Ќе можете ли за овие 9 минути господине Ацо Киров, или ќе продолжите после паузата?

Ќе можете, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

И јас би сакал да дадам подршка на Предлогот на законот од колегата Стојан Андов и ќе се потрудам, мислам дека ќе бидам краток. Уште сега апелирам, ако можеме да се собереме да го изгласаме овој закон пред паузата за ручек, пред 14,00 часот ќе завршам. Апелирам до парламентарното мнозинство да си ги повика своите пратеници и да го изгласаат овој закон до 14,00 часот.

Го подржувам Предлогот на законот, да не се повторувам, но во мојата дискусија можеби ќе се поклопам со некои од излагањата на моите колеги. Се работи за временскиот период што беше даден, можеби во излагањето на почитуваниот министер се кажа дека било доволно од септември до 1 јануари, но сепак, бидејќи се работи за голем број на приватни компании, што приватни и што државни, знаеме дека повеќето се приватни, државните се можеби помалку но со повеќе вработени односно со поголем капитал.

Министерот кажа, а тоа би сакал да го потенцирам дека овој закон, односно компезации, цесии итн, уште 2002 година, мислам дека спомна тогаш е на сила, но дека банкарите односно раководителите тоа не го почитувале. Но, не го оправдувам министерот, бидејќи ако некој не почитувал нешто, односно некоја законска основа или донесен закон требал да се донесат мерки за оние банки кои ги спроведувале овие компезации и цесии, а не требале, според законот да се спроведуваат.

Затоа, не го оправдувам министерот овде кога кажува дека тоа не го почитувале одредени банки, односно раководители на банки. Ако тие го спроведувале тоа, имало некоја премолчена дозвола за да се прави тоа, да се прават овие цесии и компензации во фирмите.

Друго што би сакал да кажам односно да ја искажам пред се мојата поддршка на овој Предлог закон, поднесен од пратеникот Стојан Андов, и затоа, ние ќе го поддржиме, сметаме дека со тоа голем број фирми ќе имаат доволен временски период од поминати 4 месеци до 1.01.2009 година да се консолидираат, односно да обрнат внимание на тоа што ќе биде закон од 1.01., да имаме фискална дисциплина во Република Македонија. Се надевам дека можеби овие 20 и некој ден во јануари месец, кога беше применет овој закон, кога учествуваа одредени фирми и компании, од овие 15 илјади, дека треба да се дисциплинираат во фискализацијата, сега тоа ќе им биде како една опомена и мислам дека до крајот на годината ќе бидат многу малку такви фирми, значи од 14 илјади, можеби илјада не можат да излезат од овој ќорсокак на неликвидација, но се надевам дека повеќето фирми ќе излезат и колку повеќе фирми ќе излезат од овој ќорсокак на неликвидација, ќе имаме помал број на невработени кпо по основ на неликвидност на фирмите ќе си отидат дома. Значи период од една година е добар период и после тоа ако имаме такви фирми, овој закон ќе биде на сила од 1.01.2009 година и ќе се применува така што ќе имаме една фискална дисциплина која е и потребна.

Исто така, сакам да кажам дека оваа Влада донесе многу закони кои ги следат европските закони. Многу пати зборував дека донесуваме закони кои во моментот на теренот не можат да се применат, но тоа е тоа, сепак имаме такви закони кои во секојдневието не можат да се применат, па мора да интервенираат одделни пратеници или Владата со амандмани. Затоа, имаме многу закони кои ги имаме донесено да речам без размислување дали ќе бидат применливи во Македонија, нои бидејќи не доаѓа до судир на интереси на одредени структури си течат законите и се надевам и сум сигурен дека после 4-5 години ќе профункционираат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Оливер Деркоски.

**Оливер Деркоски:** Благодарам претседателе.

Во интерес и на времето ќе бидам малку пократок. Сакам да кажам неколку зборови во однос на Предлогот на законот за изменување на Законот за платнмиот промет.

Почитувани дами и господа, Законот за платен промет го донесовме минатата година за да воведеме финансиска дисциплина во работењето на правните субјекти во платниот промет во нашата држава. Оваа иницијатива што е покрената сега очигледно покажува дека сеуште фалат многу работи, многу елементи во дисциплинирањето на правните субјекти кои учествуваат во платниот промет на нашата држава. Иницијативата доби позитивно мислење од Владата и измените на Законот ќе се поддржат, меѓутоа, морам да истакнам свои забелешки во однос на функционирањето на субјектите во плантиот промет во нашата држава. Со овие измени ако државните субјекти и институциите кои се задолжени да ги следат промените во платниот промет на нашата држава не се погрижат да имаат на некој начин засилена контрола над работењето на тие субјекти, повторно ќе се доведеме во ситуација веројатно по година дена да бараме повторно продолжување или нова измена на овој закон за платен промет. Што сакам да кажам? Поентата е во тоа што гледајќи од еден аспект на социјалниот мир кој што сакаме да го обезбедиме, односно на луѓето кои се вработени во поголем број на фирми кои овој транзициски период ги остави на некој начин сеуште нетрансформирани, овозможуваме на мала група на привилегирани раководители, менаџери или не знам како да ги наречам во тие фирми постојано да се богатат на грбот на работниците. Од тие причини се моите забелешки на овој предлог за измена на овој закон.

Се надевам дека во идниот период нема да има она што значи повластување на доверители во плаќањата, односо сторување на кривичните дела “оштетување на доверител односно повластување на друг доверител” затоа што во изминатиот период токму тоа се случуваше при примената на одредбите на овој закон, оштетувајќи еден доверител, повластувавте друг доверител во плаќањето, а тоа значеше дека сторувате кривично дека односно ги имате сите елементи на кривичното дело “повластување доверител”. Најчесто оштетен доверител за жал беше државата, однсоно се избегнуваа плаќањата кон државните институции, дали кон Управата за јавни приходи или фондовите за пензиско и здравствено осигурување, меѓутоа, тоа се случуваше.

Заради тие причини сметам дека овој закон за платен промет, се надевам, ќе овозможи воведување финансиска дисциплина во платниот промет. Меѓутоа, очигледно ов нашата држава е потребен подолг период за транзицирање би рекол да субјектите во стопанството, меѓутоа, се надевам дека овој пат сите институции, како што реков и претходно, на државата задолжени за следење на субјектите во платниот промет ќе сторат многу поголеми напори отколку во изминативе неколку месеци да ги оневозможат ваквите појави кои на некој начин овозможуваат криминогено работење, за да им овозможиме на овие субјекти кои останаа да се дотрансформираат на некој начин да се трансформираат и прилагодат кон условите што ги наметнува овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријаени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ги овикувам пратениците да пристапат во салата затоа што не очекува гласање.

Ги повикувам службите за една до две минути да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, не оичекува гласање.

(Присутните пратеници во салата чекаат а се создаде кворум за гласање, а претседателот повеќе пати ги повикуква)

Ги молам сите присутни пратеници да седнат на своите места и да им овозможат на службите да достават точен број.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Пред тоа, процедурална интервенција Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, сакам да го искажам ставот на СДСМ во однос на овој закон, и покрај укажувањата што ги имавме дека нема да функционира како што треба законот и дека ќе се создадат нови стечајни работници и невработени во Република Македонија, СДСМ ќе гласа за овој закон и токму заради тоа што со вакво законско решение ќе се спречи нови луѓе и тоа многу да останат без работа, влеговме да направиме кворум пред гласањето за оваа точка на дневниот ред, заради тоа што мнозинството не што нема демократски капацитет, туку нема никаков капацитет за да одржи било каква седница на Собранието без опозицијата, заради тоа што 14 луѓе од опозицијата во овој момент седат и прават мнозинство за да се изгласа еден ваков закон. Мислам дека на ова ќе се сетат и кога ќе разговараме повторно за стечајните работници и за некои други од кои им зависи местото во Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 59, воздржано 1, против 2.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на законот за платниот промет.

Овде ја прекинувам седницата до 15,13 часот.

(Пауза од 14,13 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,35 часот)

**Бесим Догани:** Почитувани дами и господа пратеници, продолжуваме со попладневната сесија на седницата.

**Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Согласно точка 1 од амандманот 25 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници, општо ви е познато дека Законот за судовите беше донесен во мај 2006 година, меѓутоа, неговата примена започна од 1 јануари 2007 година.

Во текот на имплементацијата на овој доста важен закон, самите анализи и досегашната примена, можевме да констатираме дека се лоцирани одредени слабости и недоследнсоти. Заради тоа, значително се отежнува примената на Законот, со што е оневозможена заштитата на правата на граѓаните. Тоа пред се се однесува на правото на судење во разумен рок.

Имено, пропишаните членови во Законот за судовите во оваа област се недоречени и неприменливи.

Во тој контекст, е зголемен број на предмети пред Европскиот суд за човекови права. Затоа се наметнува потребата од ефектуирање на домашните правни лекови, во однос на правотона судење во разумен рок.

Од анализите со кои располагаме може да се заклучи дека по започнувањето на примената на Законот за судовите, пред националните судови, поднесени се околу 20 барања, согласно член 36.

Сепак, домашните судови по истекот на 18 месеци од примена на Законот сеуште не почнале да ги разгледуваат овие предмети.

Наведените констатации за непременливоста на одредбите во оваа сфера во Законот за судовите, се косншатирани и во правното мислење е усвоено од општата седница на Врховниот суд, како и во пресудата на Европскиот суд за човекови права по предметот Паризов, каде што судот ја констатира веќе наведената состојба.

Имено, во пресудата се наведува дека Република Македонија се очекува на изнаоѓање решение на што е можно пократок рок. За таа цел се предлагаат неколку одредби во кои е јасно дефинирана надлежноста на домашните судови, како и постапката и процедуралните претпоставки за подносителот на барањето.

Почитувани пратеници, покрај наведените измени и дополнувања во Предлогот на законот се внесени и одредби со кој Законот за судовите се усогалсува со новиот Закон за Јавното обвинителство, се предвидува петтте досегашни оддели во основните судови да се сведат на еден и тоа во Основниот суд Скопје 1.

Исто така во членот 2 од Предлогот е дефинирана и вистинската надлежност на ова одделение. Покрај наведените измени во наведениот член од Предлогот се предложени решенија во однос на надлежноста на судовите за водење на Судскиот регистар за политичките партии. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министре.

Има збор господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Сите знаеме дека Законот за судовите е донесен во 2006 година и преку овој Закон во моментот кога се донесе истиот во суштина би рекол, почнаа и реформите во судскиот систем во согласност со уставните амандмани што претходно се донесоа и стнаа составен дел на Уставот на Република Македонија.

Во оваа насока, имајки го предвид фактот дека сега се предлагаат измени на дел од текстот на Законот за судовите кои се донесе во тоа време, дозволете ми да го кажам ставот, во врска со овој Предлог за изменување и дополнување на Законот за судовите.

Клучна цел на овој Предлог за изменување и дополнување на Законот за судовите, според ова што ја сможам да го забележам во предложениот текст е отстранувањето, елеминирањето на единиците кои требаше да се соноваат во основните судови, во петте основни судови, како што е Тетовскиот, Скопје 1, Битола, Штип и Струмица, кои што беа предвидени да се основаат или организираат според Законот за судовите, за одредени кривични дела, како што е организираниот криминал.

Во оваа прилика, сакам да нагласам дека овие прашања кои беа поврзани со организираниот криминал, пред донесувањето на Законот за судовите во 2006 година, беа во надлежност на одредени единици за организиран криминал, кои беа основани во сите основни судови.

Со Законот за судови од 2006 година, како што се донесе истиот се предвиде овие прашања, или овие кривични дела да можат да се

процесуираат, или беа во надлежност на пет оддели, како што реков претходно. Сега се предлага одредени прашања од организираниот криминал, така како што таксативно се предвидени во членот 2 да бидат во надлежност на едно специјализирано одделение за организиран криминал, кој во иднина во согласност со ова што е предвидено во овој член, ќе се основа во Основниот суд Скопје 1 во Скопје, што  значи дека се предвидува 4-те други одделенија, кои беа предвидени да се основаат во Битола, Штип, Струмица и Тетово да не постојат, односно да немаат можност да судат и процесуираат случаи за нагласените дела во членот 1 од овој Закон.

Лично мислам дека преку ваквиот предлог на еден начин постепено се прави концентрација, или како што би употребил друг поим централизација и во судскиот сектор, нешто што јас лично сум против едно вакво настојување.

Неслучајно нагласив претходно дека до 2006 година овие прашања можеа да се процесуираат или да е во надлежност на сите основни судови после Законот за судови во 2006 година се предвиде да се основаат 5, додека сега се продолжува само Основниот суд Скопје 1 да има специјализирано одделение за судење на дела од организиран криминал. Како второ, поаѓајќи од фактот дека во членот 2, освен што се предвидува овој начин на организирање, а преку овој член се менува и членот 32 став 1 од актуелниот Закон, јас мислам дека и од технички аспект се греши.  Затоа што до колку се анализира внимателно членот 32 став 1 од постојниот Закон за судовите, ќе се забележи дека со овој член се уредува само прашањето на организирање на овие специјализирани одделенија, но не се уредуваат и прашања во однос на надлежностите, така како што се предвидува во членот 2, кој е предложен.

Уште еднаш ќе подвлечам дека не држи причината што ја нагласи предлагачот во образложението на овој закон, каде меѓу другото, колку што можам да забележам, се повикува начинот на организирање на Јавното обвинителство во Република Македонија. Ова го велам од причин што Јавното обвинителство е друг независен орган, така како што сенагласува во членот 6 од тој Закон и така се предвидува начино тна организирање од хиерархиски аспект, хоризонтален и вертикален и мислам дека секое настојување да се идентификува начинот на организирање на специјализираните одделенија во судовите, со Јавното обвинитеслтво, мислам дека е погрешно. Овие се клучните причини кои не обврзаа нас да предложиме одреден амандман во членот 2 за што нормално ќе расправаме, кога ќе почнеме да дебатираме по текстот на законот. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Јашари.

Има збор господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Почитуван господине потпретседателе, дозволете ми во врска со овој закон да кажам неколку зборови, бидејки се говори за закон кој е во пакетот на судските реформи и на еден начин со своето организирање ја следи логиката на организирање на другите судски инстанци и на судскиот систем, или поточно, овој закон на еден начин ја усогласува својата структура со Законот за јавните обвинителств,а кој фактички се донесе и се изгласа од Парламентот пред извесно време.

Но тоа што сакам да го нагласам освен забелешките, вов рска со тоа што рече и колегата Аднан Јашари, за аспектот на концентрација на некои тела на едно место и  неможноста на реализирање на одредени постапки за одредени дејствија и за одредени дела во сите судови во Република Македонија, ова е начелна наша забелешка и дека ни треба време  за консултации и за да го добиеме нашиот став во врска со гласањето на овој закон.

Второ, што сакам да нагласам и што мислам дека заменикот министер за правда и секако заинтересираните присутни во оваа сала, треба да го имаат предвид тоа кога се говори за реформите во судскиот систем е тоа дека кога се донесе Законот за Јавно обвинитеслтво имаше договор, за кој јас сум информиран, бидејки не помина нашиот амандман за критериумите да се изберат обвинителите што подразбираше пониско ниво или помалку број години за некои нивоа. Тоја амандман не се изгласа и не се донесе и фактички посебно на средбите на лидерите беше даден еден таков амандма, бидејки се расправаше порано да се понуди до Парламентот од страна на Владата. Тоа не се случи до сега. Затоа сега имаме еден низок степен на заинтересираност во консолидацијата на Советот на обвинителите кој е во процес во Република Македонија. Сигурно ќе следат и негативни ефекти од едно такво неуредување на критериумите за обвинители во соодветниот закон и мислам дека заменик министерот за правда треба да разговара со учесниците на средбата на лидерите на ургентен начин би рекол, бидејки таа работа не е случена до сега, да се предложат овде во овој Парламент амандманите кои се во духот на тоа што беше општо разбирање на средбата на лидерите. Тоа беше, намалување на критериумите за разни позиции на разни нивоа на организирањето на Обвинитеслтвото. Фактички, само со еден таков предлог од страна на Владата, или со едно такво уредување и такво преиспитување на критериумите и тој закон кој нема директна врска со овој Закон, ние ќе го преиспитаме нашиот пристап и нашата позиција за гласањето или неизгласувањето на овој закон, бидејќи како што реков, логично е преку еден таков предложен орган од порано од страна на Владата, објективно ќе го става Обвинителството на неадекватен начин од етнички аспетк конпониран и консолидиран, бидејки се знае политиката од минатото, посебно во овој орган, во минатото

кога беше тешко да најдеш правична и соодветна застапеност, до колку критериумите се тие кои ги предлагаше Владата во донесениот Закон и сигурно поради таа причина е постигнато разбирање да се намали како стандард и да се уреди и да не биде објективна пречка на консолидацијата на Јавното обвинителство и фактички исполнувањето на обврската од аспект на правична и соодветна застапеност на сите заедници. Затоа што како што имавме случај да слушнеме вчера и од медиумите, мислам дека беше претседател на изборите во Советот за обвинители, се рече дека Законот за судовите, односно Законот за Јавно обвинителство на еден начин од организационен аспект се надоврзува на разни нивоа. Од една страна Законот за обвинителство, а од друга страна законот за судовите се надоврзува и бидејеки се говори за пакет на закони кои во себе се обврска секако на Македонија, паралелно со европските интеграции и секако се неделиви по логиката на нивно организирање, ние во овој контекст уште еднаш ви укажуваме дека очекуваме соодветни амандмани кои ќе ги направат критериумите за обвинители и за разни инстанци во Обвинителството во согласност со постигнатиот договор на средбата на лидери. Или ќе ни дозволите денес да предложиме наши амандмани кои се истите тие кои ги предложивме тогаш, а не ги прифати парламентарното мнозинство и Владата, но понатаму сум информиран, како што реков имаше разбирање за едно такво нешто на средбата на лидери. Затоа што без такво менување на тој Закон кој не е овој, значи повторувам, бидејки сум свесен дека не говорам прецизно за овој Закон, мислам дека ќе остане празнина и ќе создаде и забуни и други недоречености и други последици во реализирањето на политиките на тоа што значи судски систем. Затоа, несакајки да должам, мислам дека ќе може заменикот министер и тие кои се заинтересирани за гласањето на овој закон и сите заинтересирани за еден широк консензус во согласнсот со создадениот дух во законите,од кои зависи нашиот пат кон Европската унија, да преземат потребни чекори за да се исполни обврската тие што го кажале на таа лидерска средба да поднесат амандмани за Законот за Јавно обвинителство, каде ќе бидат намалени критериумите за изборот на обвинители на разни нивоа. Ве благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Положани.

Збор има господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Јас ќе кажам неколку збора во врска со овој Закон. Се подразбира дека треба да надвладее една атмосфера на која се разговараше дека судските реформи кои треба да завршат да имаат континуитет. Реформи кои ги исполнуваат условите на граѓаните и другите околности во Република Македонија. Ние ја знаеме сиромаштијата која ја имаат и Албанците во судовите и обвинителствата. Застапеност не сме имале цели години и сме биле дискреминирани и дисквалификувани да бидеме дел од судскиот систем кој е од големо значење за едно модерно и европско општество.

Ме чуди господине заменик министер за правда кај прашањето на обвинителите. Јас лично ја застапував мојата партија на таа средба на лидери, каде се договоривме колку ќе бидат годините за обвинители, а сега имаме поинаков предлог. Значи, оваа материја неопходно треба да се уреди. Затоа што на масата на сите политички партии освен на ДУИ кои не беа присутни на таа средба на лидери беа три, пет, осум. Говорам за обвинителите. Истовремено, мислам дека оваа интервенција треба да биде неопходна и да се уреди ова прашање, затоа што не засега нас како општество, го засега албанското општество во целина и нема да имаме пристап поради еден убедлив елемент, а ние  Албанците немаме кадар со толкаво искуство,како што тоа го бара Обвинителството. Другиот елемент за да биде само едно одделение кое ќе се занимава со организиран криминал, значи само во скопскиот суд ова треба да се разгледа како прашање, а причините се дека ние знаеме дека Апелациониот суд во Гостивар се уште не е консолидиран и оформен до тој степен за тој суд да ги преземе обврските и да ја создаде екипата. Но во континуитет на средбите кои ги имаме со овој орган и со судии, набрзо ќе дојде предлогот да има едно одделение во Апелациониот суд во Гостивар за да се занимава со организираниот криминал и со овој девијантен елемент на нашето општество. Значи да немаме само еден центар за разгледување на овие прашања, туку да имаме и друго одделение како што е Апелациониот суд во Гостивар кој ќе ги разгледува предметите од организираниот криминал. Значи, се говори за прашања кои треба да се уредат, се прашања кои треба да ги изнесеме на виделина и да ги заклучиме како прашања, бидејќи во континуитет реформите во судскиот систем треба да имаат позитивен европски тренд и нашето општество дефинитивно да биде општество со високи стандарди. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Матоши.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите.

Пред да го ставам заклучокот на  гласање ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Уште еднаш ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во моментот, нема доволен број пратеници во салата обајвувам пауза од 15 минути.

Ги молам координаторите на пратеничките групи да направат напори да создадеме кворум. Благодарам.

(Пауза од 16.03 часот)

(По паузата)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Пратениците кои се во салата да ги завземат своите места и истовремено службите да ни достават точен број на присутни пратеници.

Во очекување на кворум, господинот Ружди Матоши се јави за процедурално. Повелете.

**Ружди Матоши:** Господине потпретседател, ви благодарам. Само како дополнително објаснување и за јавноста, меѓутоа и за колеги присутни во салата. Ние како парламентарна група ќе гласаме за овој Предлог закон само како потреба за донесување како императив за продолжување на реформите во судството. Меѓутоа, за другиот дел нема да гласаме. Значи, ќе гласаме само за потребата од донесување на овој Предлог закон за изменување на Законот.

Додека пак за вториот дел тоа задолжително треба да се уреди врз основа на нашиот претходен договор, договорот при средбата на лидерите кога предлогот на ДПА беше јасен, конструктивен, дека намалувањето на годините треба да биде како во судството, така и во обвинителството.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Матоши.

Уште еднаш би ги повикал пратениците кои се надвор од салата, да влезат во салата за да го изгласаме заклучокот.

Почитувани дами и господа пратеници, бидејќи во салата нема доволен број на пратеници за продолжување на работата, тука ја прекинувам денешната седница.

Истовремено ве известувам дека утре во 11 часот продолжуваме со 98-та седница. Ви благодарам.

(Седницата прекина во 16,36 часот)

РД/ЕП 100 - 00